Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Pestalozzi Children's Foundation
Education and intercultural competence – worldwide



# ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕШТАЈ ОД ИСПИТУВАЊЕТО НА СОСТОЈБИТЕ

**Автори:**
проф. д-р Виолета Петровска Бешка

м-р Горица Мицковска

проф. д-р Лулзим Мехмети

Зеќирија Хасипи

м-р Митко Чешларов

Ајше Ајрулаи

**Стручна редакција:**
м-р Горица Мицковска

**Лектура:**
Александар Здравевски

**Графичко уредување:**
КОМА

**Печатница:**
Друштво за продукција, маркетинг, дизајн, промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН, ДООЕЛ, експорт-импорт, Тетово

**Тираж:**
500

Скопје, октомври 2020

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3.091.214(497.7)(047)

ВОННАСТАВНИТЕ активности во основните училишта во Република Северна Македонија : извештај од испитувањето на состојбите / [автори Виолета Петровска Бешка ... и др.]. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2020. - 100 стр. : илустр. ; 30 см
Фусноти кон текстот. - Други автори: Горица Мицковска, Лулзим Мехмети, Зеќирија Хасипи, Митко Чешларов, Ајше Ајрулаи

ISBN 978-608-206-056-9

1. Петровска Бешка, Виолета [автор] 2. Мицковска, Горица [автор] 3. Мехмети, Лулзим [автор] 4. Хасипи, Зеќирија [автор] 5. Чешларов, Митко [автор] 6. Ајрулаи, Ајше [автор]
а) Основно образование -- Воннаставни активности -- Македонија -- Извештаи

COBISS.MK-ID 52768261

## БЛАГОДАРНОСТ

Авторите им се заблагодаруваат на сите соработници што беа вклучени во процесот на реализација на ова испитување, наставниците, учениците и родителите што одговорија на прашалниците и зедоа учество во дискусиите во фокус групите, како и на советниците од БРО што ги водеа дискусиите во фокус групите.

# СОДРЖИНА


06 Извршно резиме

06 Проблем и цел на испитувањето

07 Спроведување на испитувањето

08 Основни наоди од испитувањето

14 Вовед

16 Поимник

18 I. Компаративна анализа на системската поставеност на воннаставните активности во Република Северна Македонија и во други европски земји

19 1. Законска поставеност и концепциски определби на воннаставните активности во Република Северна Македонија

22 2. Компаративна анализа на поставеноста на воннаставните активности во десет европски земји и РС Македонија

30 II. Искуства  и мислења на стручните соработници, наставниците, учениците и родителите за реализацијата на воннаставните активности

31 1. Реализација на воннаставните активности во училиштата – искуства и мислења на стручните соработници

54 2. Искуства и мислења на наставниците – квантитативна анализа

74 3. Искустваи мислења на наставниците – квалитативна анализа

88 4. Искуства и мислења на учениците

94 5. Искуства и мислења на родителите

# ИЗВРШНО
## резиме

### ПРОБЛЕМ И ЦЕЛ НА ИСПИТУВАЊЕТО

Кога се работи за подобрување на квалитетот на образованието се чини како да не се успева да се воспостави урамнотеженост меѓу активностите кои во центарот ги имаат наставата и академските постигања и личниот, социјалниот и емоционалниот развој за којшто огромен потенцијал претставуваат вонннаставните активности. Присутна е перцепција дека воннаставните активности не се реализираат на начин што ќе обезбеди исполнување на нивните функции. Со оглед што во последно време нема пообемни независни испитувања на различни аспекти поврзани со реализацијата на воннаставните активности и нивните ефекти беше потребно да се обезбедат валидни сознанија за состојбите со планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности во основните училишта во нашата држава. Добиените сознанија ќе се користат за подобрување на концепциските и програмските документи, како и за обмислување на поддршката на наставниците и училиштата за нивна успешна реализација. Испитувањето чии резултати се прикажани во овој Извештај[1] е спроведено на иницијатива и во организација на Бирото за развој на образованието, а со поддршка на Детската фондација Песталоци.

1 Ова е скратена верзија од обемниот Извештај од спроведеното истражување во функција на нов концеп за воннаставните активности во основните училишта Република Северна Македонија, Биро за развој на образованието, 2019 година (непубликуван документ)

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊЕТО

Испитувањето опфаќа компаративната анализа за поставеноста на воннаставните активности во Република Северна Македонија и во други земји и квантитативната анализа на одговорите во прашалниците за наставници, стручни соработници и родители и квалитативна анализа на дискусиите во фокус групи со наставници и родители за состојбите и искуствата со реализацијата на воннаставните активности. Испитувањето е спроведено во првата половина на 2019 година. Со испитувањето се опфатени:

- ✓ 404 стручни соработници од 226 училишта што одговориле на прашалник,
- ✓ 2748 наставници од 264 училишта што одговориле на прашалник и
  277 наставници од 12 основни училишта што учествувале во дискусии во фокус групи,
- ✓ 438 родители од 10 градови што одговориле на прашалник за родители,
- ✓ 277 ученици од одделенска настава и од предметна настава од 12 основни училишта
  во 10 градови од РС Македонија што учествувале во дискусии во фокус групи.

Анкетирањето со прашалниците беше спроведено по електронски пат. Прашалниците беа со прашања со повеќечлен избор. На повеќето прашања беше можно да се одберат повеќе алтернативи. Бројот на испитаници што одговориле на прашалникот е доволно голем и од аспект на бројот на училишта и бројот на наставници и стручнио соработници, но примерокот е самоселектиран со оглед на фактот дека дел од наставниците и стручните соработници што не прифатиле да одговорат на прашалникот веројатно имаат понеповолна практика во реализација на воннаставните активности.

Со компаративна анализа покрај Република Северна Македонија се опфатени 10 Европски земји (Италија, Франција, Германија, Австрија, Словенија, Хрватска, Финска, Норвешка, Англија, Ирска) со различна регионална распределеност и со различни образовни системи.

# ОСНОВНИ НАОДИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО

## Поставеност на вonнаставните активности во Република Северна Македонија во споредба со други европски земји

1. Меѓу европските земји со различни образовни системи постојат значителни разлики во поставеноста на воннаставните активности. Заеднички е трендот воннаставните активности да се сметаат за важни и во најголемиот број земји тие се дел од националниот курикулум. Во однос на концепциската поставеност и регулираност на воннаставните активности Република Северна Македонија е меѓу Европските земји во кои воннаставните активности се доволно регулирани во националните закони и курикулуми.

2. Во сите анализирани земји, вклучително и во Северна Македонија, воннаставните активности се првенствена одговорност на основните училишта и наставниците, а се очекува во нивното планирање, организација и реализацијата да бидат вклучени и учениците.

3. Во сите земји, како и во Северна Македонија, се реализираат разновидни воннаставни активности поврзани за пошироки области од животот (како култура и спорт) и со одделни наставни предмети. Интересот на учениците и родителите за воннаставните активности е голем, или се зголемува, исто како и опфатот.

4. Во сите анализирани земји, освен во Англија и во Ирска, главен финансиер на воннаставните активности е државата. Во сите земји, освен во Норвешка и Северна Македонија родителите делумно или целосно (Англија и Ирска) учествуваат во финансирањето на воннаставните активности.

5. Во образовниот систем во Република Северна Македонија воннаставните активности се дел од националните програми речиси од неговите почетоци и се регулирани во различни нормативни акти во кои се содржани обврски за училиштата да реализираат воннаставни активности, но и насоки за планирање и реализација.

6. Во последните десетина години и покрај големиот број, пред се методички, но и содржински промени, не е посветено посебно внимание на воннаставните активности, како од аспект на испитување на состојбите, така и од аспект на систематично унапредување на нивната реализација.

## Реализација на вонннаставните активности во основните училишта

1. Резултатите добиени со истражувањето се однесуваат на состојбата и искуствата поврзани со две третини од основните училишта во земјата и на околу 15% од наставниците. Со оглед на можноста за самоселекцијата на учесниците во примерокот, добиените резултати не може да се генерализираат на целата популација основни училишта и наставници и најверојатно одразуваат подобра слика од онаа што е присутна во праксата.

2. Во училиштата најчесто се реализираат акции во училиштето и/или во заедницата (најчесто еколошки и хуманитарни), вонучилишните активности (излети, екскурзии, гостувања) и секции (најчесто за проширување на знаењата, спортски и културно уметнички). Во нив се вклучени и најмногу ученици. Тоа се и активности преку кои училиштето се афирмира во локалната средина и тие во повеќето училишта најчесто се реализираат периодично, а не систематично. Споредено со другите, најмалку застапени се проектните активности иницирани од други организации/институции. Само дел од вонннаставните активности се реализирале со ученици од различни наставни јазици.

3. И наставниците и родителите сметаат дека треба да има вонннаставни активности од различни области и видови и учениците да бидат вклучени во нив. Одделенските наставници во поголем број сметаат дека тие треба да бидат од рекреативен карактер, додека предметните наставници сметаат дека тие треба да бидат поврзани со наставните предмети и програми. Наставници сметаат дека од вонннаставните активности има полза за учениците (за нивниот когнитивен, личен и социјален развој), но и за наставниците (за нивниот професионален развој, успехот во работата и комуникацијата со учениците и колегите). Нивното мислење го делат и поголемиот број родители.

4. Учениците не се навреме информирани за вонннаставните активностите во училиштето, па оттука голем број на ученици не се вклучени во вонннаставни активности, особено во секции. Најчесто учениците немаат можност сами да се определат за вонннаставните активности во кои ќе учествуваат, туку изборот го прават наставниците. Од друга страна, наставниците иако, декларативно, се изјаснуваат дека е важно учениците да се вклучуваат во вонннаставните активности според сопствените интереси и афинитети, во пракса не ги вклучуваат при планирањето. И родителите сметаат дека учениците треба да се вклучуваат согласно нивните интереси.

5. Недостатокот од материјални/финансиски средства се гледа како главна пречка за реализација на акциите, вонучилишните активности и вонннаставните активности со ученици од различни наставни јазици. За секциите и проектните активности, просторните услови и сменската работа создаваат поголеми потешкотии. Преоптовареноста на учениците со редовна настава е според наставниците, исто така, пречка за реализација на вонннаставни активности. Од друга страна, учениците ретко го спомнувале тоа како пречка за учество во вонннаставни активности.

6. Повеќето наставници не се мотивирани да реализираат вонннаставни активности затоа што сметаат дека тие не им се платени. Најдобра мотивација би била да бидат дополнително платени за тоа, но има наставници кои сметаат дека е добро тие да влезат во фондот на часови за редовна настава и да се земаат предвид при напредувањето во кариера.

7. Нешто над половина од родителите сметаат дека и важно и родителите да бидат вклучени во одлучувањето за организирање на секции, акции во училиштето, активности во јазички мешани групи и вонучилишни активности. Поголемиот дел на родителите, исто така, сметаат дека е од голема важност нивното учествување во застапување на интересите на учениците во одделението и во училиштето.

## Секции

1. Во повеќето основни училишта секциите се чини дека се планираат и реализираат главно за да обезбедат промовирање на училиштето (на пр., преку приредби и натпревари) и да ги задоволат потребите/интересите на учениците кои, како да се концентрирани на наставните содржини и на спортско-рекреативни активности. Во повеќето училишта се реализирани повеќе од 6 секции, главно со целосно почитување на правилата (еднаш неделно, во текот на целата учебна година), но со намалување на бројот на реализирани секции во училиштето, се зголемува процентот на училишта во кои секциите се спроведени без строго почитување на правилата. Инаку, реализацијата на секциите ги следи возрасните трендови што се присутни при планирањето – најголема е реализацијата во третиот возрасен циклус, а најмала во првиот.

2. Најзастапени се секциите кои се насочени кон проширување на знаењата по наставните предмети/области. Нив предметните наставници ги сметаат за најкорисни, а и голем број родители го делат нивното мислење. Мнозинството од наставниците ги реализирале секциите од време на време, при што наставниците од предметна настава биле поредовни од колегите од одделенска настава. За предметните наставници и за родителите најголема пречка за реализација на секциите е сменската работа, а за одделенските наставници е недостатокот на средства, додека интересот на учениците претставува најмал проблем и за едните и за другите. Преоптовареноста на учениците со часови е пречка за наставниците, но не и за повеќето ученици.

3. Наставниците сметаат дека треба да се организираат секции од различни области и со различни цели. Какви секции ќе се организираат и реализираат во училиштето зависи од: потребите и од интересите на децата, наставниот кадар во училиштето, условите и раководењето во училиштето и од регулативата што ја донесуваат надлежните институции (МОН и БРО), при што на прво место се интересите на учениците.

4. Наставниците сметаат дека се компетентни да ја испланираат и реализираат работата во некои секции. Повеќето одделенски наставници се сметаат компетентни за сите области освен за музика, додека предметните наставници сметаат дека се компетентни за својата предметна област или за некоја област за која имаат афинитети. Речиси сите наставници сметаат дека во секциите треба да се работи на поинаков начин од редовната настава (повеќе групно, индивидуално, тимски, на проекти) и порелаксирано и дека им се потребни повеќе материјали. Тие познаваат различни начини на кои може да се мотивираат учениците за учество во секциите, како на пример да бидат однапред информирани за секциите, да се нудат интересни активности, да се почитуваат нивните желби и интереси, да се вклучи ученичката заедница во определувањето на видовите секции. Меѓутоа, тие не се мотивирани тоа да го прават, а и според изјавите на учениците ретка е таква пракса во училиштата.

5. Наставниците сметаат дека учеството и постигањата на учениците во секциите треба да се следи, евидентира и вреднува. Тоа треба да го прават наставниците што ги реализираат. Вреднувањето треба да биде описно и документирано во досие на ученикот или како додаток на свидетелството. Учениците треба да добијат признанија за постигањата во вид на сертификати, пофалби, награди.

6. Работата на наставниците и постигањата на учениците во секциите, според наставниците, е релативно едноставно да се следи затоа што продуктите од нивната работа се презентираат и сите заинтересирани може да ги водат и вреднуваат. Следењето треба да го прават стручните соработници, но може и колегите од стручниот актив (за да си помагаат меѓу себе), дури и родителите (но не и да ја оценуваат работата затоа што не се компетентни).

## Проектни активности

1. Проектните активности иницирани од други институции или организации се најзастапени во третиот возрасен циклус, а најмалку застапени во првиот. Повеќе од наставниците (и одделенски и предметни) учествувале во надворешно иницирани проектни активности што се во функција на постоечките наставни предмети/области, отколку во такви што припаѓаат на воннаставни области, што се совпаѓа и со перцепцијата на наставниците за корисноста од ваквите воннаставни активности.

2. Иако сите видови проектни активности, без оглед на тоа дали се во функција на наставните предмети/области или на други области, се доживуваат како корисни за учениците, се смета дека продолжувањето на нивната реализација во училиштата најмногу зависи од ефектите на самата активност, а потоа и од надворешното финансирање и од интересот на учениците. Според наставниците најголеми потешкотии за реализацијата на овој вид активности се недостатокот од средства, па потоа сменската работа и просторните услови. Учениците и родителите се доживуваат како најмал проблем.

## Акции во училиштето и во заедницата

1. Речиси сите училишта реализирале акции, повеќе еколошки отколку хуманитарни, и повеќе со учениците од предметна, отколку од одделенска настава и во нив учествувале голем број ученици. Општо земено, акциите се сметаат за многу корисни, но оние што остануваат на ниво на училиште се повеќе ценети од акциите во заедницата.

2. Хуманитерните акции се повеќе застапени кај помладите отколку кај повозрасните ученици. Како пречки за реализација на акциите најпрво се посочуваат средствата, а потоа и сменската работа – ниту мотивираноста на учениците, ниту поддршката од колегите, заедницата и родителите не се перципираат како сериозен предизвик.

## Вонучилишни активности

1. Најприсутни **вонучилишни активности** се еднодневните екскурзии/излети, а најмалку присутни се гостувањата во други училишта. Најмладите ученици се најчесто вклучени во еднодневни излети/екскурзии, додека пак екскурзиите со едно ноќевање се резервирани главно за учениците од третиот возрасен циклус. Одделенските наставници ги сметаат сите видови вонучилишни активности за подеднакво корисни, додека пак предметните наставници повеќе ги ценат гостувањата во други училишта во или вон земјата од екскурзиите со или без ноќевања.
2. Единствената потешкотија при организација на овие активности што ја гледаат наставниците е недостатокот од средства, додека родителите сметаат дека покрај средствата пречка е и ограниченото време поради сменска работа.

## Активности во „мешани" групи ученици

1. Дел од вонnаставните активности се реализирале со групи ученици од различни наставни јазици, иако тие не се вообичаени. Овие активности скоро подеднакво ги вклучуваат и наставниците кои работеле со ученици само од своето (повеќејазично) училиште и оние кои обединувале ученици од партнерски училишта, додека пак родителите информираат дека повеќе од нивните деца биле вклучени во активности во рамките на нивното училиште. Најмалку застапени видови активности со „мешани" групи се гостувањата во други училишта и заедничките секции, кои се вреднувани и како најмалку корисни. Истовремено, надворешно иницираните заеднички проектни активности изгледаат покорисни за повозрасните отколку за помладите ученици.
2. За наставниците најголема пречка за реализација на вонаставните активности со „мешани" групи ученици е недостатокот на материјални/финансиски средства, а учениците и родителите, па дури и наставниците најретко се посочуваат како извори на проблеми. Значителен број наставници и родители не гледаат никакви пречки за реализација на вакви активности

## Туторски/менторски активности

1. Туторски/менторски активности од ученици за ученици се реализираат само во дел од училиштата, најмногу со учениците од третиот, а најмалку со учениците од првиот возрасен циклус. Одделенските и предметните наставниците го прават тоа по потреба, а не систематски. И наставниците и родителите сметаат дека најголема полза од нив имаат учениците - корисници на соученична помош/поддршка, а најмаку ја препознаваат ползата што ја имаат наставниците.
2. Најголемиот број родители ги сметаат ови активности за важни и би сакале нивните деца да бидат вклучени, нешто повеќе во улога на ментори/тутори отколку како корисници на соученична помош/поддршка.
3. И покрај тоа што голем дел од наставниците не организирале вакви активности незаинтересираноста кај учениците кои би требало да се под менторство/туторство ја доживуваат како поголема пречка од немотивираноста на соучесниците кои би требало да се јават во улога на ментори/тутори.

## Ученичко организирање

1. Скоро сите училишта ги имаат обезбедено предусловите за ученичко организирање на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Повеќето од наставниците сфатиле дека за да се обезбеди демократско функционирање на Одделенската заедница не треба учениците да бидат препуштени сами на себе, туку дека е потребно да бидат поттикнати и/или потпомогнати од одговорниот наставник. Ученичкото организирање се смета за корисно за развивање на демократската култура кај учениците, но и за решавање на проблемите меѓу учениците, како и на проблемите на релација ученици-наставници и обратно.

2. Повеќето родители сметаат дека ученичките организации треба да бидат вклучени во решавање за сите прашања во училиштето, а ползата од тоа ќе биде првенствено развој на демократската култура кај учениците.

## Кампови/школи за учениците

1. Кампови/школи за учениците во текот на распустите се организираат во мал дел од училиштата. Се сметаат за многу корисни за учениците, но не се согледува евентуалната корист за наставниците, главно поради загрижата дека родителите не сакаат или не се во состојба да обезбедат финансиска компензација за реализација на воннастави активности од ваква природа.

2. Поголемиот број родители како услов за учество на нивните деца во вакви активности е тие да бидат организирани од училиштето и да не се бараат финансиски средства од родителите.

# ВОВЕД

Бројните иницијативи за подигање на квалитетот на образованието во Република Северна Македонија што се реализираат во последните десетина години преку подобрување на концепциските и програмските документи и преку разновидните проекти за методичко унапредување на воспитно-образовната работа во основното образование го истакнаа и прашањето на (не)успешноста во реализирањето на воннаставните активности и потребата од преиспитување како на нивната поставеност, така и на потребната поддршка во нивната реализација. Во овој период не се правени пообемни независни испитувања на различни аспекти поврзани со реализацијата на воннаставните активности и нивните ефекти. Последно такво испитување направи Бирото за развој на образованието во 2009-та година[2]. Затоа, со цел новите/подобрените концепциски и методички решенија да бидат засновани на емпириски податоци во 2019 година е спроведено испитување на состојбата со планирањето, организацијата и реализацијата на воннаставните активности во основните училишта во нашата држава. Исто така, направена е компаративна анализа на концепциската поставеност на воннаставните активности во РС Македонија и други земји во Европа. Испитувањето е спроведено на иницијатива и во организација на Бирото за развој на образованието, а со поддршка на Детската фондација Песталоци.

2 Анализа на воннаставните активности на учениците во основните училишта, Биро за развој на образованието, 2009 година

Сите сознанија се сумирани во еден обемен и детален Извештај[3] што ќе се користи при:

- ✓ Изготвувањето на концепција за воннаставни активности;
- ✓ Планирањето и давањето поддршка за реализација на воннаставните активности на училиштата и на наставниците и
- ✓ Следењето на реализацијата на воннаставните активности.

Оваа публикација претставува скратена верзија на тој Извештај и наменета е за информирање на пошироката јавност за состојбите со реализацијата на воннаставните активности во основното образование кај нас. Во неа се накусо прикажани сознанијата од:

- ✓ Компаративната анализа за поставеноста на воннаставните активности во Република Северна Македонија и во други земји;
- ✓ Квантитативната анализа на одговорите на наставниците, стручните соработници и родителите во прашалниците за состојбите и искуствата со реализацијата на воннаставните активности и
- ✓ Квалитативната анализа на дискусиите за воннаставните активности во фокус групите со наставници и ученици.

Методологијата користена во истражувањето е накусо опишана во почетокот на секој дел во којшто се изнесени сознанијата од испитувањето, а опширно е содржана во интегралната верзија на Извештајот[4].

На почетокот на овој извештај е даден поимник во којшто се дадени објаснувања на видовите воннаставни активности што се преземени од инструментите со коишто беа прибирани податоци од учесниците во испитувањето. На тој начин се обезбедува еднозначност во разбирањето на термините што се користени за означување на различните видови и подвидови воннаставни активности, како од страна на испитаниците, така и од страна на корисниците на овој извештај.

3 Извештај од спроведеното истражување во функција на нов концеп за воннаставните активности во основните училишта Република Северна Македонија, Биро за развој на образованието, 2019 година (непубликуван документ)

4 Исто

# ПОИМНИК

**Воннаставни активности** се оние активности кои учениците самостојно или заедно со наставниците организирано ги изведуваат надвор од часовите за редовната настава и тоа најчесто по сопствен избор. Воннаставни активности со различни содржини можат да се организираат и реализираат во училиште надвор од редовната настава или надвор од училиштето (најчесто определени како вонучилишни).

**Секции** се воннаставни активности наманети за учениците коишто се реализираат еднаш неделно, во текот на целата учебна година (по исклучок, може и едно цело полугодие). Во рамки на секциите, се прави разлика меѓу:

- ✓ секции како проширување на наставните предмети/области (пр. математичка, информатичка, литературна, астрономска, ликовна, хор, оркестар)
- ✓ секции за поддршка на други интереси на учениците (пр. фотографија, драма, танцување, готвење, градинарство/хортикултура)
- ✓ секции за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците (пр. мултикултура, комуникациски вештини, разрешување конфликти, почитување на различности, дебатирање, детски/човекови права)
- ✓ спортско-рекреативни секции (пр. фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, возење точаци/ролери, планинарење).

**Проектни активности** се воннаставни активности што се иницирани од други организации/институции, а не од самото училиште, коишто се реализираат еднократно, најчесто во дел од учебната година. Во рамки на оваа категорија воннаставни активности, се прави разлика меѓу:

- ✓ проектни активности во функција на постоечките наставни предмети/области
- ✓ проектни активности во функција на други области, вон наставните

**Акции во училиштето и/или во заедницата** се краткортајни воннаставни активности од општествен, хуманитарен или друг карактер (пр. еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности). Акциите од овој вид може да бидат:

- ✓ ограничени на самото училиште (во рамки на паралелката или пошироко), или
- ✓ насочени кон заедницата, излегувајќи од рамките на самото училиште (пр. акции за чистење во околината или во градот, претстави во дом за стари).

**Туторски/менторски активности** се подразбираат активности организирани во рамки на училиштето, коишто се наменети за поддршка/помош на ученици, а се реализирани од страна на соученици од училиштето (пр. постари ученици за помлади, за ученици со послаб успех, ученици што отсуствуваат од училиште поради повреда или хронична болест).

**Вонучилишни активности** се воннаставни активности во кои учествуваат учениците од училиштето, а кои се одвиваат вон училиштето. Во рамки на вонучилишните активности се прави разлика меѓу:

- ✓ екскурзии со најмалку едно ноќевање
- ✓ еднодневни екскурзии/излети
- ✓ гостувања на учениците во други училишта во или вон земјата

**Кампови/школи за учениците** се организирани воннаставни активностишто се одвиваат по завршување на училишната година или во текот на зимскиот распуст, во вид на секции што се реализираат концентрирано, како целодневни активности во текот на една работна недела (најмалку). Училиштето може да организира такви активности само за свои ученици, или да биде отворено и за ученици од други училишта во околината. Ваквите активности може да ги водат наставници од училиштето или други лица, ангажирани за оваа намена.

**Ученичко организирање** подразбира формирање на ученички тела преку кои се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесувањето одлуки од сите сфери на делување во училиштето што се од интерес на учениците, односно за обезбедување заштита на правата на децата во рамки на училиштето. Во доменот на одделенските наставници и одделенските раководители е оранизирањето во форма ка Одделенска заедница што ја сочинуваат учениците од одделна парелелка, со демократски избран Претседател, преку тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на самите што ја сочинуваат Училишната заедница.

# I. КОМПАРАТИВНА
## анализа на системската поставеност на воннаставните активности во Република Северна Македонија и во други европски земји

Во овој дел се претставени сумарните сознанија од компаратината анализа на поставеноста на воннаставните активности во повеќе Европски земји. Анализата, покрај РС Македонија ги опфаќа: Италија, Франција, Германија, Австрија, Словенија, Хрватска, Финска, Норвешка, Англија, Ирска. Прикажани се споредбени податоци во однос на:

- ✓ начинот на регулирање на воннаставните активности;
- ✓ реализација на воннаставните активности во полудневна и целодневна настава;
- ✓ планирање и организација на воннаставните активности;
- ✓ креаторите и реализаторите на воннаставните активности;
- ✓ видовите на воннаставни активности;
- ✓ интересот и опфатот на ученици и
- ✓ финансирањето.

Анализирани се нормативни и концепциски документи со кои се регулирани воннаставните активности и други информации достапни на интернет страните на одговорните институции. Изборот на земјите е направен според неколку критериуми: географска регија, различноста на образовните системи и блискоста со образовниот систем во Република Северна Македонија.

Законската и концепциска поставеност на воннаставните активности во РС Македонија е прикажана одделно и подетално, а даден е и кус ретроспективен преглед.

# 1. ЗАКОНСКА ПОСТАВЕНОСТ И КОНЦЕПЦИСКИ ОПРЕДЕЛБИ НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Воннаставните активности во нашата држава постепено се воведуваат во образовниот систем што се развива по Втората светска војна. Во документите од тој период воннаставните активности се именуваат како „слободни активности“.[5] Социјалните промени предизвикани со развојот на земјата, миграцијата село-град, раслојувањето на традиционалните семејства, при што во голем број од семејствата и двајцата родители се вработувале, го наметнале прашањето на ангажирањето на децата по наставата и организирањето на нивното слободно време. Организацијата на активностите на децата во слободното време ги презело училиштето, како и разни здруженија и друштва[6]. Од друга страна, и самите ученици биле заинтересирани за содржини и активности надвор од редовната настава.

Со реформата во основното образование и Законот за основно образование од 1972 година во училиштата се менува концепцијата за воннаставните активности. Дотогаш, примарна цел на слободните ученички активности била згрижување на учениците и пополнување на нивното слободно време, но се заклучило дека покрај згрижувањето, воннаставните и воншколските активности делуваат позитивно на севкупниот развој на учениците. Редефинирана е и целта на основното образование која станала поширока и е дефинирана како сестран развој на личноста. За постигнување на таква цел значајна улога имаат воннаставните активности коишто придонесуваат учениците да ги откриваат и развиваат своите таленти, вештини, компетенции и да градат ставови, во многу поразновидни области отколку што се наставните предмети и подрачја.

Во 1980 година во рамките на Планот и програмата за воспитно-образовна работа поместен е посебен дел за Воннаставни воспитно-образовни подрачја[7]. Подоцна до 2000-тата година се изготвени повеќе упатства и насоки за реализација на воннаставни активности[8] во кои се давани подетални насоки како во училиштата да се организираат и реализираат воннаставните активности.

Согласно Законот за основно образование од 2008 година[9] којшто со повеќе измени и дополнувања беше на сила до 2019 година „за развивање на различни интереси на учениците, основното училиште организира слободни ученички активности коишто се определени со Годишната програма за работа на училиштето“, а „во слободните ученички активности учениците се вклучуваат доброволно според нивните афинитети и интереси“.

5 Previšić, V. (1985). Izvannastavne i izvanškolske aktivnosti u odgoju. U: Pivac, J., Previšić, V. (ur.). Odgoj i škola. Zagreb: Institut za pedagogijska istraživanja Filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu, Školske novine, 219-226.

6 Koritnik, M. (1969). Porodica i slobodno vrijeme djeteta. U: Pedagoški rad. Poljak,V. (ur.). Zagreb: Pedagoško-književni zbor, str. 243-249.

7 План и програма за воспитно-образовната дејност во основно образование, Републички завод за унапредување на воспитанието и образованието, 1980 година

8 Упатство за организирање на слободните активности на учениците од основното образование, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1996 година;

Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и работата на стручните работници, Педагошки завод на Македонија, Скопје, 1999 година, второто издание;

9 http://mon.gov.mk/stored/document/zakon-za-osnovno-obrazovanie-mk.pdf чл. 34.

Во Концепцијата за деветгодишно основно образование[10], во делот којшто се однесува на принципите врз коишто се гради основното образование, принципот на почитувањето на интересите на детето е примарен, а тој е поддржан со правото на донесувањето на одлуки за здружување со други деца, стимулирање на правилен социјален и емоционален развој, поддршката на физичкото и менталното здравје кои се остваруваат и преку наставните, но и преку воннаставните и вонучилишните активности. Концепцијата пропишува дека воннаставните активности треба да се планираат во годишната програма на училиштето и да опфаќаат содржини од повеќе области на науката, техниката, уметноста, спортот, самозаштитата, унапредување на здравјето или учество на учениците во културно-уметнички или општествено-хуманитарни активности. Овие активности треба да им овозможат на учениците да изберат по своја желба, интерес и афинитет, содржини и активности преку кои ќе ги продлабочат своите знаења, ќе стекнат вештини што понатаму ќе ги развиваат или применуваат во своето школување и во секојдневниот живот.

Воннаставните активности се уредени и во други документи.[11] На микро ниво, односно на ниво на училиште особено е важен Правилникот за формата и содржината на годишната програма на работа на основните училишта. Во него е пропишано училиштата да внесуваат податоци за следните воннаставни активности: училиштен спорт, секции и слободни ученички активности, ученички натпревари и општествено хуманитарна работа.

Значаен документ за следење на квалитетот на реализацијата на воннаставните активности се Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата[12] во кои во сите подрачја за интегралната евалуација на училиштата[13] се застапени воннаставните активности и развиени се индикатори за квалитет. Согласно овие индикатори и училиштата ја вршат самоевалуацијата на организацијата и реализацијата на воннаставните активности.

10 http://www.bro.gov.mk/docs/Koncepcija_po_javna_rasprava_so_izmeni_i_doplnuvanja.pdf

11 Закон за наставници - http://www.mon.gov.mk/images/documents/zakoni/Zakon_za_nastavnici_vo_osnovni_i_sredni_uchilishta.pdf

Правилникот за формата и содржината на годишната програма на работа на основните училишта - http://www.mon.gov.mk/images/documents/pravilnici/Pravilnik%20za%20fromata%20i%20sodrzinata.pdf

Правилникот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта - http://www.mon.gov.mk/images/documents/pravilnici/pravilnik%20ekskurzii%20sredno-nov%20final%202014.pdf

Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети по општинско, регионални и државно ниво во основното образовазние - http://www.mon.gov.mk/images/documents/pravilnici/natprevari_osnovno.pdf

12 Индикатори за квалитетот на работата на училиштата, Државен просветен инспекторат, Скопје, 2019

13 13 1. Наставни планови и програми (обем и разновидност, опфатност на учениците, вклученост на учениците во изборот и во планирањето, афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности), 2. Постигнувања на учениците, 3. Планирања на наставниците, 4. Поддршка на учениците 5. Училишна клима, 6. Ресурси

Во Прирачникот за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта[14] дадени се насоки следењето на квалитетот на работата на наставниците да се одвива во рамките на три подрачја: Следење на квалитетот на планирањето на наставата, Следење на квалитетот на реализацијата на наставата и Следење на реализацијата на воннаставните активности. Во однос на следењето на реализацијата на воннаставните активности, наставниците до директорот и стручната служба на училиштето треба да доставуваат извештаи за реализирани вонначаставни активности во следните подрачја:

- ✓ работа со слободни ученички активности и ученички заедници и организации;
- ✓ учество на натпревари, квизови, конкурси и освоени награди;
- ✓ работа со учениците на училишни проекти, приредби, презентации, настани, манифестации, гостувања, посети и сл.;
- ✓ активности со родителите и локалната заедница.

За реализираните активности во секое подрачје треба да се прави рефлексија за постигнатоста на целите и ефектите од спроведените активности, да се (само)проценува поседувањето на професионалните компетенции на наставниците и на стручните соработници. Директорот на училиштето при крајот на учебната година треба да ги прегледа извештаите за реализација на воннаставните активности и да запише коментари. Коментарите од директорот и/или сознанијата и договорените активности наставникот треба да ги има предвид при планирањето на професионалниот развој за наредната година.

14 http://bro.gov.mk/docs/USAID/MKD/04%20Priracnik_Sledenje%20na%20rabotata%20i%20planiranje%20na%20profesionalen%20razvoj.pdf

# 2. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПОСТАВЕНОСТА НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ДЕСЕТ ЕВРОПСКИ ЗЕМЈИ И РС МАКЕДОНИЈА

## 2.1. РЕГУЛИРАЊЕ НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ КУРИКУЛУМИ

Местото на воннаставните активности во националниот образовен систем најдобро се гледа низ тоа дали тие се регулирани како дел од наставниот курикулум и дали на национално ниво се определени со наставните планови.

Компаративната анализа покажа (Графикон 1) дека постои различна практика во различни земји. Преовладуваат земји (6 од 10) во кои, како и во Република Северна Македонија, воннаставните активности се дел од националните курикулуми и се застапени во наставните програми. Во земјите во кои воннаставните активности се дел од националните курикулуми тие се регулирани со закони и со подзаконски прописи. РС Македонија спаѓа во групата на земји кои ги има регулирано воннаставните активности со законите за основно образование и со повеќе други видови прописи (правилници, упатства, концепции).

**Графикон 1:**
Регулирање на воннаставните активности во националниот курикулум



## 2.2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ПРИ ПОЛУДНЕВНА ИЛИ ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА

За разлика од наставата, воннаставните активности се карактеризираат со многу поголема флексибилност во организацијата и реализацијата, како од аспект на времетраење, така и од аспект на составот на групите, времето и местото на реализацијата. Тоа овозможува полесно да се прилагодат на различни услови во училиштата (просторни, кадровски, време за реализација). Особено влијание на организацијата на воннаставните активности има дали училиштето изведува целодневна или полудневна настава и во кое време постои соодветен простор за реализација на вонаставни активности. Како начинот на организација на наставата е поврзан со вонаставните активности во различни земји е прикажано во табела бр. 1.

**Табела 1:** Врска помеѓу начинот на организација на редовната настава во основните училишта (полудневни и целодневни паралелки) со вонаставните активности

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ**

| Реден број | Држава | Полудневни (класични) паралелки | Целодневни (со продолжен престој) паралелки |
|---|---|---|---|
| 1 | **Италија** | Недостаток од вонаставни активности во полудневните паралелки. Тие се на доброволна основа во попладневните часови, а учениците ретко се враќаат повторно на училиште за реализација на ВНА. | Се развива и сè почесто се применува моделот на целодневна настава со цел поврзаност на редовната настава со ВНА во склоп на училишниот дневен распоред на часови, каде ВНА се вклучени во наставата. |
| 2 | **Франција** | Во редовната настава учениците одат 4 дена неделно на училиште и имаат чести распусти во текот на училишната година (есенски, Божиќ, зимски и пролетен распуст). Среда е слободен ден за учениците и не се задолжени да дојдат на училиште. Викендите им се слободни. Затоа се смета дека учениците имаат доволно простор и слободно време за да можат да се бават со вонаставни активности надвор од училиштето. | |
| 3 | **Германија** | Овој модел се избегнува поради немање доволно време за ВНА и за згрижување на децата. Но, оставена е опцијата за избор на ваков вид на настава во училиштето и ако има услови за нејзина изведба се формира ваков тип на паралелката. Учеството на учениците во ВНА е на доброволна база. | Според истражувањата кои се спроведени, резултатите покажале на неопходност од постоење на целодневни паралелки, бидејќи се зголемува времето за ВНА кои директно се одразуваат на квалитетот на наставата, затоа што претпладневните и попладневните активности се во концепциска врска. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | **Австрија** | Овој модел се избегнува поради немање доволно време за ВНА и за згрижување на децата. Но, оставена е опцијата за избор на ваков вид на настава во училиштето и ако има услови за нејзина изведба се формира ваков тип на паралелката. Учеството на учениците во ВНА е на доброволна база. | Според истражувањата кои се спроведени, резултатите покажале за неопходноста од постоење на целодневни паралелки, бидејќи се зголемува времето за ВНА кои директно се одразуваат на квалитетот на наставата, затоа што претпладневните и попладневните активности се во концепциска врска. |
| 5 | **Словенија** | ✓ | Се протежира подолг престој на децата во училиштето, бидејќи тоа е единствена можност да се развие вистински контакт со децата, а со тоа се придонесува за развојот и јакнењето на другите социјални вештини и работни навики. |
| 6 | **Хрватска** | ✓ | |
| 7 | **Финска** | Клуб активностите може да се изведуваат претпладне или попладне, согласно локалната наставна програма | Во рамките на проектот „Интегриран училишен ден“ од 2002 година, учениците имаат активности пред наставата, за време на паузата за ручек и после наставата |
| 8 | **Норвешка** | ВНА се реализираат во вид на **дополнителен прилог** на наставната програма веднаш по завршување на часовите. | / |
| 9 | **Англија** | ВНА во голем процент се комерцијално организирани и се реализираат вон наставата кога учениците се слободни. | ВНА се вметнати во изготвената програма за продолжена настава во училиштето и се одвиваат вон наставата или за време на викендот. |
| 10 | **Ирска** | ВНА во голем процент се комерцијално организирани и се реализираат во време кога учениците се слободни. | |
| 11 | **Македонија** | ВНА се реализираат на доброволна основа пред или по наставата. | ВНА се инкорпорирани во целодневната настава |

Состојбите и искуствата во различни земји се разликуваат, но се забележува тенденција да се смета дека целодневниот престој во училиште обезбедува повеќе можности за вклучување на учениците во вонннаставни активности.

Во сите анализирани земји вонннаставните активности се реализираат после наставата, без оглед дали се работи за организација со полудневен или со целодневен престој на учениците. Само во Италија, Англија и Ирска вонннаставни активности може да се организираат и во сабота.

## 2.3. ПЛАНИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Вонаставните активности во сите анализирани земји се првенствена одговорност на основните училишта и секогаш во планирањето, организацијата и реализацијата се вклучени и учениците (табела 2). Меѓутоа, постои и пракса значајна улога да има општината (во Франција, Германија и Австрија) и локални здруженија (во Франција). Комерцијални и/или непрофитни организации се вклучени само во Англија и Ирска. Уникатен е примерот на Словенија во која постои посебна државна институција - Центар за вонаставни активности којшто е задолжен за организирање вонучилишни активности поврзани со стекнување на знаења, обуки за истражувачка работа и активности од културата за младите. Центарот располага со сопствени просторни и кадровски капацитети за реализација на активностите.

**Табела 2:** Одговорни институции за планирање, организација и реализација на вонаставните активности

**ИНСТИТУЦИИ ОДГОВОРНИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА**

| Реден број | Држава | Државна јавна институција | Основното училиште | Општина | Индивидуално ученикот | Локални здруженија | Комерцијални/ непрофитни организации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Италија** | | ✓ | | ✓ | | |
| 2 | **Франција** | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| 3 | **Германија** | | ✓ | ✓ | ✓ | | |
| 4 | **Австрија** | | ✓ | ✓ | ✓ | | |
| 5 | **Словенија** | Центар за вонаставни активности | ✓ | | ✓ | | |
| 6 | **Хрватска** | | ✓ | | ✓ | | |
| 7 | **Финска** | | ✓ | | ✓ | | |
| 8 | **Норвешка** | | ✓ | | ✓ | | |
| 9 | **Англија** | | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 10 | **Ирска** | | ✓ | | ✓ | | ✓ |
| 11 | **Македонија** | | ✓ | | ✓ | | |

Во сите земји наставниците се најчестите или единствените креатори на воннаставните активности. Во Финска се вклучуваат и родителите, а во Франција, Словенија, Норвешка, Англија и Ирска е вклучен и друг професионален кадар надвор од училиштето. Во Македонија воннаставните активности ги реализираат наставниците од училиштето.

Во сите земји наставниците се одговорни за работа со учениците во воннаставните активности. Во Ирска и Англија покрај нив се вклучуваат и помошници на наставниците и тренери. Во Германија и Австрија во грижата за децата во воннаставното време се вклучени и голем број други лица како на пр. родители, педагози, социјални педагози, хонорарни работници, доброволци друг персонал или дополнителен наставен кадар, училишни социјални работници, соработници за помош на млади.

## 2.4. ВИДОВИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ, ФОНД НА ЧАСОВИ, ИНТЕРЕС И ОПФАТ НА УЧЕНИЦИТЕ

Воннаставните активности во сите европски држави, како и во Македонија, се организирани:

- ✓ по подрачја (области) при што најзастапени се спортските, јазичките и уметничките (музички, драмски, ликовни и др.) и/или
- ✓ наставни предмети, при што се организираат секции и/или клубови по различни наставни предмети.

Според местото на реализација во сите земји постојат воннаставни активности што се реализираат во училиште и воннаставни активности што се реализираат надвор од училиштето какви што се екскурзиите, посетите, натпреварите.

Во најголемиот број земји во националниот курикулум е предвидено еден ученик да биде ангажиран 1-3 часа со воннаставните активности. Во Англија и во Ирска националниот курикулум не го определува времето за воннаставните активности. Во Македонија е предвиден еден час во одделенска и 2 часа во предметна настава.

Новите педагошки приоди силно го промовираат холистичкиот/интегралниот приод во наставата, при што се очекува многу од компетенциите учениците да ги стекнуваат и низ воннаставните активности. Тие, заради помалку формалната структура и можноста за избор на содржините се интересни за учениците. Според расположивите информации во сите анализирани земји интересот за воннаставните активности се зголемува кај учениците и нивните родители, но и кај државата. Во сите анализирани земји, освен во Италија и Франција, информациите укажуваат на голем опфат на учениците во воннаставни активности (Табела бр. 3).

**Табела 3:** Интерес и опфат на ученици за вонннаставни активности

| Реден број | Држава | ИНТЕРЕС И ОПФАТ НА УЧЕНИЦИ ВО ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 1 | **Италија** | **Зголемен интерес** на учениците и родителите.<br>**Мал опфат** на ученици поради немање континуитет со редовната настава и нефинансирање на наставниците за реализација на вонннаставните активности |
| 2 | **Франција** | **Зголемен интерес** на државата, учениците и родителите.<br>**Има мало поместување и прогрес во опфатот на ученици** со воведување на дополнителен час за вонннаставни активности во редовната настава. |
| 3 | **Германија** | **Зголемен интерес** на државата, учениците и родителите,<br>**Зголемен опфат** на ученици со воведување на целодневната настава. |
| 4 | **Австрија** | **Зголемен интерес** на државата, учениците и родителите,<br>**Зголемен опфат** на ученици со воведување на целодневната настава. |
| 5 | **Словенија** | **Голем интерес** на државата, учениците и родителите,<br>**Голем опфат** на ученици поради добрите програми за вонннаставни активности. |
| 6 | **Хрватска** | **Голем интерес** на учениците и родителите,<br>**Голем опфат** на ученици поради добрите програми за вонннаставни активности. |
| 7 | **Финска** | **Голем интерес** на учениците и родителите.<br>**Голем опфат** на ученици поради популарноста на вонннаставните активности. |
| 8 | **Норвешка** | **Голем интерес** на учениците и родителите.<br>**Голем опфат** на ученици поради популарноста на вонннаставните активности. |
| 9 | **Англија** | **Голем интерес** на учениците и родителите поради стекнување на неакадемски стипендии и развој на талентот поради учеството во некоја вонннаставна активност .<br>**Голем опфат** на ученици поради придобивките од гореспоменатите причини |
| 10 | **Ирска** | **Голем интерес** на учениците и родителите поради стекнување на неакадемски стипендии и развој на талентот поради учеството во некоја вонннаставна активност .<br>**Голем опфат** на ученици поради придобивките од гореспоменатите причини |
| 11 | **Македонија** | **Голем интерес** на учениците и родителите, но има отсуство од квалитет на реализација на вонннаставните активности<br>**Голем опфат** на ученици поради задолжителната реализација на вонннаставните активности согласно наставната програма |

## 2.5 ФИНАНСИРАЊЕТО НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во сите анализирани земји, освен во Англија и во Ирска, главен финансиер на воннаставните активности е државата од средства на министерствата за образование и во некои земји и од министерствата за социјална политика. Во Англија и во Ирска државата ги финансира воннаставните активности само за учениците од одделни социјални категории. Средствата ги добиваат училиштата што ги реализираат воннаставните активности. Во Германија и Австрија и општините со свои средства ги финансираат воннаставните активности. Родителите се вклучени во делумно финансирање на трошоците за воннаставните активности во сите анализирани земји, освен во Норвешка и во Северна Македонија Во Англија и во Ирска родителите целосно ги финансираат воннаставните активности за своите деца, освен родителите со полоша социјално-економска состојба коишто делумно учествуваат во финансирањето (графикон 2).

**Графикон 2:**
Родителот како финансиер на воннаставните активности



# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во образовниот систем во Република Северна Македонија набрзо после неговото воспоставување како дел од образовниот систем на федеративната држава Југославија и подоцна во независна Република Северна Македонија, покрај наставата, соодветно место имале воннаставните активности. Тие биле регулирани во различни нормативни акти во кои се содржани обврски за училиштата да реализираат воннаставни активности, но и насоки за планирање и реализација.

2. Во последните десетина години и покрај големиот број, пред се методички, но и содржински промени, не е посветено посебно внимание на воннаставните активности, како од аспект на испитување на состојбите, така и од аспект на систематично унапредување на нивната реализација.

3. Во однос на концепциската поставеност и регулираност на воннаставните активности Република Северна Македонија е меѓу Европските земји во кои воннаставните активности се доволно регулирани во националните закони и курикулуми.

4. Во повеќето земји чии системи се анализирани се забележува тенденција да се смета дека целодневниот престој во училиште обезбедува повеќе можности за вклучување на учениците во воннаставни активности. Во Република Северна Македонија целодневна настава делумно се организира во одделенска настава, но не и во предметна. Во речиси сите земји воннаставните активности се реализираат по редовната настава и во работните денови, обично во траење од 1-3 часа.

5. Во сите анализирани земји, вклучително и во Северна Македонија, воннаставните активности се првенствена одговорност на основните училишта и секогаш во планирањето, организацијата и реализацијата се очекува да бидат вклучени и учениците. Во помал број земји се вклучува и општината и локални здруженија. Секаде (освен во Англија и Ирска) наставниците се главни креатори и реализатори на воннаставните активности.

6. Во сите земји, како и во Северна Македонија, се реализираат разновидни воннаставни активности поврзани за пошироки области од животот (како култура и спорт) и со одделни наставни предмети.

7. Во сите земји интересот на учениците и родителите за воннаставните активности е голем, или се зголемува, исто така и опфатот.

8. Во сите анализирани земји, освен во Англија и во Ирска, главен финансиер на воннаставните активности е државата. Во сите земји, освен во Норвешка и Северна Македонија родителите делумно учествуваат во финансирањето на воннаставните активности.

# II. ИСКУСТВА
## и мислења на стручните соработници, наставниците, учениците и родителите за реализацијата на воннаставните активности

Со цел да се добијат сознанија како во практика се реализираат воннаставните активности и како гледаат на придобивките и предизвиците поврзани со воннаставните активности прибрани се мислења од клучните заинтересирани субјекти: наставници, ученици и родители. Тие одговарале на прашалници и/или учествувале дискусии во фокус групи.

На прашалниците што им беа доставени по електронски пат добиени се мислења од:

- ✓ 404 стручни соработници (161 педагор, 140 психолози и 103 од другите профили) од 226 училишта.
- ✓ 2748 наставници (1113 од одделенска и 1635 од предметна настава) што реализирале воннаставни активности во уч. 2018/19 година од 264 училишта.
- ✓ 438 родители од 10 градови. Приближно е еднаков бројот на родители чие прво дете е во одделенска односно во предметна настава, додека бројот на родители чие второ дете е во предметна настава е поголем.

Прашањата се однесуваа на искуства и сугестии за различните видови на воннаставни активности (секции, проектни активности, акции во училиштето или во заедницата, вонучилишни активности, воннаставни активности со ученици од различни наставни јазици, туторски/менторски активности, ученички кампови, ученичко организирање). Прашањата беа од затворен тип. Прашалникот за наставник содржи 27 прашања, за стручни соработници 50 прашања и за родители 32 прашања.

Одговорите на учесниците на секое прашање, односно на секој понуден одговор во рамки на прашањето се прикажани во вид на проценти. За таа цел се користени графици, поддржани со коментари за главните наоди што произлегуваат од прикажаните проценти. На некои прашања можно беше да се одбере повеќе од еден одговор, па оттука збирот на процентите е поголем од 100%.

Во дискусиите во фокус групите учествувале:

- ✓ 277 наставници од 12 основни училишта (во 13 фокус групи со ученици од одделенска настава и 13 од предметна настава) во 10 градови од РС Македонија.
- ✓ 277 ученици (во 13 фокус групи со ученици од одделенска настава и 13 од предметна настава) од 12 основни училишта во 10 градови од РС Македонија.

## 1. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТАТА – ИСКУСТВА И МИСЛЕЊА НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Анкетирањето на стручните соработници имаше за **цел** да ја утврди застапеноста на различните видови воннаставни активности во училиштата и да се добијат мислења на стручните соработници за потешкотиите и придобивките од реализацијата на различните видови воннаставни активности.

Резултатите се прикажани за секоја воннаставна активност посебно, графички во вид на проценти[15] . Важно е да се напомене дека во најголем број од случаите, резултатите што се тука презентирани ја одразуваат состојбата во врска со училиштата и стручните соработници кои го пополниле прашалникот[16]. Откажувањето од одговарање на прашалникот може да се толкува и како резултат на темата со која се соочиле – досегашното искуство покажува дека воннаставните активности се тема која се избегнува најмногу поради дискрепанцата меѓу она што званично се бележи и она што навистина се случува во пракса. Исто така треба да се напомене дека во најголем број од случаите, стручните соработници кои работат во исто училиште давале различни одговори не само на прашањата кои укажуваат на нивното мислење, туку и на прашањата кои треба да ја одразуваат фактичката состојба во нивното училиште.

15 Со оглед на тоа што на повеќето од прашањата учесниците избирале повеќе од еден одговор, збирот на одделните проценти во голем број случају надминува 100%

16 За учество во истражувањето првично се пријавиле 1225 стручни соработници (почнале да одговараат), од кои 821 (67%) се откажале по првите неколку прашања, поради што и не се вклучни во примерокот чии одговори се анализирани.

## 1.1. Секции

**1.1**: Скоро сите учесници изјавиле дека во Годишната програма на нивното училиште се предвидени секции за учениците од 4-9 одд., што не е случај кога се работи за помалите ученици. Очигледна е тенденцијата во рамки на секој вид, со зголемување на возраста на учениците да се зголемува и застапеноста на секциите. Исто- времено, во секој возрасен циклус најзастапени се прво секциите за проширување на знаењата од наставните предмети /области, а потоа и спортско-рекреативните секциите.

**1.1. Видови секции планирани со Годишната програма за 2018/19**



**1.2:** Според учесниците в истражувањето, секциите се планирани главно врз две основи – да обезбедат промовирање на училиштето (на пр., преку приредби и натпревари) и да ги задоволат потребите/интересите на учениците (а од споредбата со резултатите од 1.1 произлегува дека потребите/интересите на учениците се концентрирани на наставните содржини и на спорстко-рекреативни активности). Многу помала улога во планирањето имаат: барањето на МОН за задолжителна реализација на вон-наставни активности и интересите и можностите на наставниците.

**1.2. Основи за планирање на секциите**




**1.3:** Резултатите покажуваат дека реализацијата на сите видови секции ги следи возрасните трендови што беа констатирани при планирањето – најголема е реализацијата во третиот возрасен циклус, а најмала во првиот. Споредбата меѓу процентите на учесници кои говорат за присуството на различните видови планирани секции (1.1) и оние кои ја одразуваат застапеноста на реализираните видови секции (1.3), укажуваат некаде на намалена реализација (како што е случај со секциите поврзани со наставните содржини), а некаде на зголемена реализација (како кај секциите за поддршка на други интереси на учениците), но и на различни трендови во рамки на секој возрасен циклус.

**1.3. Целосно реализирани видови секции (најмалку еднаш неделно во текот на цела учебна 2018/19 година), во рамки на возрасните циклуси**



**1.4**: Скоро две третини од учесниците изјавиле дека во текот на 2008/19 учебна година во нивното училиште се реализирани повеќе од 6 секции, главно со целосно почитување на правилата (еднаш неделно, во текот на целата учебна година). Со намалување на бројот на реализирани секции во училиштето, се зголемува процентот на училишта во кои секциите се спроведени без строго почитување на правилата.

**1.4. Број на реализирани секции во 2018/19**




**1.5**: За повеќето учесници-стручни соработници, појдовна основа за реализација на секциите се програмите изготвени или од самите наставници или од активите на наставници со или без соработка со стручната служба. Многу мал дел од учесниците изјавуваат дека во подготовка на програмите учествувале и учениците, што не значи дека можностите на учениците не се земани предвид при подготовка на програмата од страна на самите наставници.

**1.5. Основи за реализација на повеќето од секциите**



**1.6:** Според половината од учесниците, главни пречки за организација и реализација на секциите се просторните услови, сменската работа и средствата. Истовремено, помал дел од учесниците гледаат проблем во наставниците, родителите и учениците.

**1.6. Главни потешкотии во организацијата и реализацијата на секциите**




**1.7:** Повеќето од половината од стручните соработници-учесници во истражувањето сметаат дека најкорисни се секциите за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците и спортско-рекреативните секции. Помал е процентот на оние кои им го припишуваат истото значење на секциите за проширување на знаењата од наставните содржини и секциите за поддршка на други интереси на учениците. Ова не се совпаѓа со состојбата при планирањето и реализацијата на секциите (1.1 и 1.3), особено кога се работи за оние насочени кон личниот и социјалниот развој (кои, поради корисноста би требало да се поприсутни во пракса) и оние поврзани со наставните содржини (кои би требало да се помалку присутни во пракса).

**1.7. Најголема корист за учениците од различните видови секции**



## 1.2. Проектни активности

**2.1:** Според учесниците, проектните активности иницирани од други инстутуции или организации се нај-застапени во третиот возрасен циклус, а најмалку застапени во првиот, без оглед на тоа дали се работи за проектни ктивности во функција на постоечките наставни предмети/области или во функција на други области, вон наставните.

**2.1. Видови проектни активности реализирани во 2018/19 учебна година**




1-3 одд.
4-6 одд.
7-9 одд.

**2.2:** Најчесто спомнувана потешкотија за организација и реализација на проектните активности е недостатокот од средства, а потоа следат ограничените просторни услови и сменската работа. Помал дел од учесниците гледаат пречка во наставниците и родителите, а најмалку во учениците.

**2.2. Главни потешкотии во организацијата и реализацијата на проектните активности**



**2.3:** Според две третини од учесниците, продолжувањето на реализацијата на проектните активности во нивните училишта зависи од ефектите на самата активност, додека пак за половината од учесниците продолжувањето е условено од надворешното финансирање или од интересот на учениците. За една третина од учесниците не е занемарлива ниту спремноста на наставниците да го прават тоа.

**2.3. Услови за продолжување на реализацијата на проектните активности**




**2.4:** За убедливо најголем дел од учесниците и двата вида проектни активности се корисни за учениците, при што нема разлика меѓу корисноста што им се припишува на активности во функција на наставните предмети/области и на активностите во функција на други области.

**2.4. Најголема корист за учениците од различните видови проектни активности**



## 1.3. Акции во училиштето и/или во заедницата

**3.1:** Најголем дел од учесниците изјавиле дека во Годишната програма за 2018/19 учебна год. на нивното училиште се планирани еколошки акции, а потоа следат хуманитарни акции. Една третина означиле дека нивното училиште планирало да реализира најмалку два вида акции. Само двајца од учесниците навеле дека нивното училиште не планирало акции во училиштето/заедницата.

**3.1. Видови акции предвидени во Годишната програма за 2018/19**




**3.2:** Скоро сите учесници од стручните служби навеле дека се реализирани акции со учениците од 4. до 9. одд., а повеќе од три четвртини навеле дека во акциите учествувале и ученици од 1. до 3. одд. Девет учесници навеле дека нивните ученици не учествувале во никакви акции.

**3.2. Реализирани акции во 2018/19 учебна година**



**3.3:** Средствата се пречка за организација на акциите за скоро половината од учесниците. За нешто повеќе од третина пречка е сменската работа, а не е занимарливо ни бројот на оние кои проблемите ги лоцираат во родителите и заедницата, па и во самите наставници. Сепак повеќе од една четвртина од учесниците не гледаат пречки за реализација на акциите.

### 3.3. Главни потешкотии при организација на акциите




**3.4:** Огромно мнозинство од учесниците ги гледа и двата вида акции како многу корисни за учениците, иако малку повеќе ги ценат акциите во училиштето отколку во заедницата.

### 3.4. Најголема корист за учениците од акциите



## 1.4. Вон-училишни активности

**4.1:** Според добиените одговори, најзастапени во Годишните програми на училиштата се едно-дневните екскурзии/излети, а најмалку застапени се гостувањата во други училишта. За најмладите ученици скоро сите училишта планирале еднодневни излети/ екскурзии, а најмалку планирале гостувања во други училишта. Екскурзиите со едно ноќевање и гостувањата во други училишта се најчесто планирани за учениците од третиот возрасен циклус.

**4.1. Видови вонучилишни активности планирани со Годишната програма за 2018/19**




**4.2:** Според учесниците, убедливо најзастапени во реализацијата се еднодневните екскурзии/излети. Споредено со планираните вонучилишни активности (4.1), највпечатливо е намалувањето во реализацијата на екскурзиите со ноќевања за најмладите ученици и зголемувањето на гостувањата со највозрасните ученици.

**4.2. Реализирани видови вонучилишни активности во 2018/19, во рамки на возрасните циклуси**



**4.3:** Недостатокот од средства за реализација се смета за главна пречка за организација на вонучилишните активности за повеќе од половината учесници. Сепак, една третина од стручните соработници вклучени во истражувањето не гледа никакви пречки.

**4.3. Главни потешкотии при организација на вонучилишните активности**




**4.4:** Најголем дел од учесниците сметаат дека повеќето видови вонучилишни активности се корисни за учениците. Само двајца не гледаат никаква корист од ваквите активности.

**4.4. Најголема корист за учениците од вонучилишните активности**



## 1.5. Воннаставни активности со „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици

**5.1:** Скоро половината од учесниците навеле дека нивното училиште реализирало вонnаставни активности во кое учествувале нивни ученици заедно со ученици од друго училиште со настава на друг јазик. Една четвртина изјавиле дека активности со „мешани“ групи ученици се реализирале во нивното училиште (што е можно само во дво/тријазични училишта), а една третина дека такви активности не се реализирале во нивното училиште.

**5.1. Реализација на вонnаставни активности со ученици од различни наставни јазици во 2018/19**




**5.2:** Според добиените одговори, најмногу вонnаставни активности со „мешани“ групи ученици се од видот на заеднички секции и приредби, а потоа следат заедничките акции и излети/ екскурзии. Од сите видови, најмалку застапени се заедничките проектни активности и гостувањата во други училишта.

**5.2. Реализирани видови вонnаставни активности со ученици од различни наставни јазици во 2018/19**



**5.3:** Недостатокот од средства за реализација се смета за главна пречка за оганизација на воннаставните активности со ученици од различни наставни јазици од страна на најголемиот број учесници, но не се занемарливи и потешкотиите кои произлегуваат од просторните услови и сменската работа. Една четвртина од учесниците не гледа никакви пречки за реализација на ваков вид активности.

**5.3. Главни потешкотии при организацијата на воннаставни активности со ученици од различни наставни јазици**




**5.4:** Според една третина од учесниците, учениците имаат најголема корист од заедничките проектни активности, кои се истовремено најмалку застапени (5.2), а незначителен дел од учесниците гледа најголема корист од заедничките секции, за кои е добиено дека се најзастапени (5.2).

**5.4. Најголема корист за учениците од воннаставните активности со ученици од различни наставни јазици**



## 1.6. Туторски/менторски активности

**6.1:** Половината од учесниците наведуваат дека во нивните училишта не се реализираат туторски/менторски активности. Меѓу другите, најмногу гледаат помош/поддршка меѓу учениците од третиот возрасен циклус, а најмалку меѓу учениците од првиот возрасен циклус.

**6.1. Реализација на туторски/менторски активности во 2018/19**




**6.2:** Половината од учесниците-стручни соработници мислат дека нема или не би имало никакви пречки за реализација на туторски/менторски активности. Меѓу другите, побројни се тие што гледаат проблем кај учениците-корисници, отколку кај учениците што би биле во улога на ментори/ тутори.

**6.2. Главни потешкотии во реализација на туторски/менторски активности**



**6.3:** Поголем дел од учесниците во истражувањето гледаат најголема корист од соученичкото менторство/туторство за учениците (особено за корисниците на соученичка помош/поддршка), а многу помал дел гледаат голема корист и за наставниците.

**6.3. Најголема корист за учениците од туторските/менторските активности**




## 1.7. Ученичко организирање

**7.1:** Според добиените одговори, повеќе од три четвртини од учесниците изјавиле дека скоро сите паралелки во нивното училиште имаат Претседател на Одделенската заедница избран по демократски пат (со тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на самите ученици).

**7.1. Паралелки со демократски избран Претседател на Одделенска заедница во 2018/19**



**7.2:** Половина од учесниците сметаат дека при изборот на Претседател на Одделенскта заедница се следат правилата за демократски избор што се пропишани од самото училиште. Меѓу останатите учесници, најбројни се оние кои изјавуват дека изборот главно зависи од барањата на учениците, особено кога се во комбинација со барањата на одделенските наставници (во одделенска настава), односно од одделенските раководители (во предметна настава).

**7.2. Од кого/ што зависи демократскиот избор на Претседател на Одделенската заедница**




**7.3:** Половина од учесниците наведуваат дека скоро сите Одделенски заедници во нивното училиште се занимаваат со прашања од интерес на учениците, а дополнителна една четвртина изјавува дека тоа го прават повеќето од Одделенските заедници во училиштето.

**7.3. Одделенски заедници што се занимаваат со прашања од интерес на учениците во паралелката**



**7.4:** На прашањето од кого зависи демократското функционирање на Одделенските заедници, повеќето од учесниците ги наведуваат барањата и на наставниците и на учениците, при што вкупните резултати даваат предност на улогата на учениците.

**7.4. Од кого/ што зависи демократското функционирање на Одделенските заедници**




**7.5:** За три четвртини од учесниците, најголемата придобивка од дермократското функционирање за учениците е тоа што придонесува за развивање на демократската култура на учениците. Потоа следат оние кои сметаат дека е корисно за решавање на проблемите меѓу учениците, додека најмалкубројни се оние кои ја согледуваат користа за решавање на проблемите на релација ученици-наставници и обратно.

**7.5. Најголеми придобивки од демократското функционирање на Одделенските заедници**



**7.6:** Само десет од вклучените стручни соработници изјавиле дека во нивното училиште нема ученичко организирање на ниво на училиште. Од друга страна, убедливо мнозинство од учесниците тврди дека Училишната заедница во нивното училиште не само што ја сочинуваат Претседателите на Одделенските заедници, туку има и раководно тело избрано со тајно гласање од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците што влегуваат во нејзиниот состав.

**7.6. Училишни/ ученички заедници избрани според демократските правила за стругура и гласање**




**7.7:** Две третини од учесниците изјавуваат дека пропишаните правила во нивното училиште го диктираат начинот на кој ќе се формира Училишната заедница. За многу мал дел од нив, се земаат предвид барањата на учениците и/или раководството на училиштето, независно од пропишаните правила.

**7.7. Од кого/ што зависи начинот на формирање на Училишната/ ученичката заедница**



**7.8:** Убедливо мнозинство од вклучените стручни соработници тврдат дека Училишната заедница во нивното училиште учествува во донесување одлуки што се од интерес на учениците. Кога се работи за решавање проблеми, поголем дел од учесниците се согласува дека се такви кои задираат во релациите меѓу учениците, а помал дел во релации кои ги вклучуваат и наставниците.

**7.8. Функционирањето на Училишната/ ученичката заедница**




**7.9:** Поголемиот дел од вклучените стручни соработници се поделени околу тоа дали функционирањето на Училишната заедница зависи од поддршката на учениците и наставниците заедно или од самото раководсто на Училишната заедница.

**7.9. Од кого/ што зависи функционирањето на Училишната/ ученичката заедница**



7.**10:** Според најголем дел од учесниците, развивањето демократска култура кај учениците е најголемата придобивка од демократското функционирање на Училишната заедница. Доста голем е процентот и на оние учесници кои гледаат корист во тоа што Училишната заедница обезбедува пти донесување на одлуките во училиштето да се почитуваат потребите на учениците.

**7.10. Најголемите придобивки од демократското функционирање на Училишната/ученичката заедница**




## 1.8. Кампови/школи за учениците

**8.1:** Според мал дел од учесниците во истражувањето, нивните училишта организирале кампови или школи со вонаставни активности за учениците во текот на минатата учебна година. Малку повеќе мислат дека нивните училишта организирале такви активности во минатото, а половината од нив се изјасниле дека никогаш не организирале.

**8.1. Организирање кампови/школи во рамки на училиштето**



**8.2:** Убедливо најголем дел од учесниците сметаат дека учениците би имале најголема корист од ваквите кампови/ школи, но има и такви кои гледаат и корист за училиштето, повеќе отколку за наставниците и родителите.

**8.2. Најголема корист од воннаставните активности во рамки на камповите/ школите**




**8.3:** Според најголем дел од учесниците финансиската компензација од родителите е/би била најголема пречка за реализација на овој вид воннаставни активности. Многу мал процент од одговорите посочуваат на наставниците, на општината и на учениците како извор на проблеми за организација на кампови/школи во рамки на нивното училиште.

**8.3. Главни потешкотии во реализација на кампови/школи во рамки на училиштето**



# ЗАКЛУЧОЦИ

1. Резултатите добиени со истражувањето се однесуваат на состојбата и искуствата поврзани со две трети-ни од основните училишта во земјата. Со оглед на можноста за самоселекцијата при изборот на учесниците во примерокот, добиените резултати не може да се генерализираат на целата популација основни училишта и најверојатно одразуваат подобра слика од онаа што е присутна во праксата.

2. Констатирана е и неусогласеност во одговорите на стручните соработници од исто училиште која може да се очекува во врска со искажаното мислење за одредени прашања поврзани со воннаставните активности (како корисноста, потешкотиите и сл.), но не би требало да се случува кога се работи за отсликување на фактичката состојба во училиштето. Тоа покажува дека воннаставните активности не се планираат заеднички и транспарентно и дека не се следи нивната реализација на ниво на цело училиште.

3. Во повеќето основни училишта е предвидено да се реализираат **секции** главно за да обезбедат промовирање на училиштето (на пр., преку приредби и натпревари) и да ги задоволат потребите/интересите на учениците кои, како да се концентрирани на наставните содржини и на спорстко-рекреативни активности. Во повеќето училишта се реализирани повеќе од 6 секции, главно со целосно почитување на правилата (еднаш неделно, во текот на целата учебна година), но со намалување на бројот на реализирани секции во училиштето, се зголемува процентот на училишта во кои секциите се спроведени без строго почитување на правилата. Инаку, реализацијата на видовите секции ги следи возрасните трендови што се присутни при планирањето – најголема е реализацијата во третиот возрасен циклус, а најмала во првиот. Истовремено, проценката на корисноста на различните видови секции не секогаш ја следи и нивната застапеност при планирањето и реализацијата. Со оглед на тоа што се сметаат за најкорисни (заедно со спортско-рекреативните секции) секциите насочени кон личниот и социјалниот развој на учениците би требало да бидат поприсутни во праксата, за разлика од секциите поврзани со наставните содржини кои се меѓу најзастапените, но се сметаат за помалку корисни.

4. **Проектните активности** иницирани од други институции или организации се најзастапени во третиот возрасен циклус, а најмалку застапени во првиот. Иако сите видови проектни активности, без оглед на тоа дали се во функција на наставните предмети/области или на други области, се доживуваат како корисни за учениците, се смета дека продолжувањето на нивната реализација во училиштата најмногу зависи од ефектите на самата активност, а потоа и од надворешното финансирање и од интересот на учениците,

5. Скоро сите училишта реализирале **акции**, повеќе еколошки отколку хуманитарни, и повеќе со учениците од предметна, отколку од одделенска настава. Општо земено, акциите се сметаат за многу корисни, но оние што остануваат на ниво на училиште се повеќе ценети од акциите во заедницата.

6. Најприсутни **вонучилишни активности** се еднодневните екскурзии/излети, а најмалку присутни се гостувањата во други училишта иако сите видови вонучилишни активности се сметаат за корисни за учениците. Сепак, во нивната реализација постојат возрасни разлики - најмладите ученици се најчесто вклучени во еднодневни излети/екскурзии, додека пак екскурзиите со едно ноќевање се резервирани главно за учениците од третиот возрасен циклус.

7. Дел од воннаставните активности се реализирале со **„мешани“ групи ученици** од различни наставни јазици, при што повеќето биле преку партнерствосо друго училиште, а помалку се случувале во рамки на повеќејазичните училишта, што е малку веројатно со оглед на тоа што гостувањата во други училишта се меѓу њјамалку застапените видови активности. Заедничките проектни активности се сметаат за најкорисни иако се најмалку застапени, додека пак малкумина очекуваат корист од од секциите, кои се најзастапени.

8. Недостатокот од материјални/финансиски средства се вбројува меѓу главните пречки за реализација на акциите, вонучилишните активности и воннаставните активности со ученици од различни наставни јазици. За секциите и проектните активности, просторните услови и сменската работа создаваат дополнителни потешкотии. Во многу ретки ситуации нставниците, родителите и учениците се доживуваат како пречка.

9. **Туторски/менторски активности** од ученици за ученици се реализираат во дел од училиштата, најмногу со учениците од третиот, а најмалку со учениците од прviот возрасен циклус. При тоа, учениците-корисници на соученична помош/поддршк се доживуваат како поголема пречка за нивна реализација од учениците што би биле во улога на ментори/тутори. Најголема корист од ваков вид активности имаат/би имале учениците (особено корисниците), што не е случај со наставниците.

10. Скоро сите училишта ги имаат обезбедено предусловите за **ученичко организирање** на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку Одделенската и Училишната заедница учениците учествуваат во решавање и/или одлучување за прашања од интерес на учениците, но најголема придобивка од нивното функционирање е придонесот за развивање демократска култура кај учениците.

11. **Кампови/школи за учениците** во текот на распустите се организираат во мал дел од училиштата. Се сметаат за многу корисни за учениците, но не се согледува евентуалната корист за наставниците, главно поради загрижата дека родителите не сакаат или не се во состојба да обезбедат финансиска компензација за реализација на воннастави активности од ваква природа.

## 2. ИСКУСТВА И МИСЛЕЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ – КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА

Наставниците се анкетирани со **цел** да се увиди нивната вклученост во различните видови воннаставни активности и да се истражи нивното мислење за потешкотиите и придобивките од различните видови воннаставни активности.

Одговорите на учесниците на секое прашање, се прикажани графички во вид на проценти. За таа цел се користени графици, поддржани со коментари за главните наоди што произлегуваат од прикажаните проценти[17]. Во секој график се паралелно прикажани процентите пресметани за одговорите добиени од одделенските и од предметните наставници. Во текстот покрај секој график се посебно коментирани разликите во процентите кои се поголеми од 10% - во сите други случаи разликите во процентите добиени за одделенските и предметните наставници не се третирани како меродавни. Резултатите се прикажани за секоја воннаставна активност посебно. Важно е да се напомене дека во најголем број од случаите, резултатите што се тука презентирани ја одразуваат состојбата во врска со наставници кои го пополниле прашалникот во целот и се осмелиле да ги прикажат сопствените силни и слаби страни во реализацијата на воннаставните активности[18]. За поголемиот дел од наставниците кои започнале со пополнување на прашалникот, па потоа се откажале, може со голема веројатност да се претпостави дека одговарањето на прашања во врска со нивното учество во реализација на воннаставни активности претставува непријатна состојба.

17 Со оглед на тоа што на повеќето од прашањата учесниците избирале повеќе од еден одговор, збирот на одделните проценти во голем број случау надминува 100%

18 Прашалникот почнале да го пополнуваат 3 818 наставници, а на сите прашања одговориле 2 748. За поголемиот дел од наставниците кои започнале со пополнување на прашалникот, па потоа се откажале, може со голема веројатност да се претпостави дека одговарањето на прашања во врска со нивното учество во реализација на воннаставни активности претставува непријатна состојба.

## 2.1. Секции

**1.1:** Во 2008/19, мал дел од учесниците не планирале да реализираат секции. Меѓутоа, има и наставници кои планирале да реализираат по повеќе од еден вид секции. Најголем удел во севкупниот број планирани видови секции имаат оние што се насочени кон проширувањена наставните предмети/области (поголем во предметна отколку во одделенска настава), а најмал спортско-рекреативните секции (особено во предметна настава).

**1.1. Видови секции планирани за 2018/19**



**1.2:** Некои од наставниците ги планирале секциите по две различни основи. За секциите за помладите ученици, најчесто користена основа за планирањето се програмите изготвени од страна на активите и/или во соработка со стручната служба. Во предметна настава се скоро подеднакво земени предвид повеќето понудени основи. Сепак, многу мал процент од учесниците ги вклучиле учениците во подготовка на програмата за секцијата, а незначителен процент воопшто не користеле конкретна програма при планирање на секциите.

**1.2. Основи за планирање на секциите**




**1.3:** Дури 82,9% од учесниците изјавиле дека реализирале секции во текот на 2018/19. Меѓу нив има и такви кои тврдат дека реализирале по повеќе од една секција. Меѓу вкупниот број реализирани секции најзастапени се секциитге што се реализирале од време на време. Наставниците од предметна настава биле поредовни во реализација на секциите од колегите од одделенска настава.

**1.3. Реализација на секции во 2018/19**



**1.4**: Само околу 18% од учесниците изјавиле дека немале потешкотии при реализација на секциите. Од одговорите на другите се забележува дека најголема пречка за предметните наставници е сменската работа, а за одделенските наставници е недостатокот на средства за реализација. Интересот на учениците претставува најмал проблем и за едните и за другите.

**1.4. Потешкотии при организација и реализација на секциите**

■ одделенски
■ предметни




**1.5**: Помалку од 1% од учесниците не гледаат корист во секциите, а незначителна е застапеноста на оние кои не можат да ја проценат користа. Затоа пак, повеќе од половината од предметните наставници како најкорисни ги сметаат секциите што се надоврзуваат на наставните предмети/области, кои се истовремено и најзастапени меѓу сите видови планирани секции (1.1). За одделенските наставници, сите видови секции се скоро подеднакво корисни.

**1.5. Корист за учениците од видовите секции**

■ одделенски
■ предметни



## 2.2. Проектни активности

**2.1:** Околу една четвртина од наставниците вклучени во истражувањето изјавиле дека во текот на учебната 2018/19 година не реализирале проектни активности иницирани од други организации или институции. Меѓу реализираните проектни активности доминираат такви што се во функција на постоечките наставни предмети/области, а многу поретки се такви кои се во функција на други области.

**2.1. Реализирани проектни активности во 2018/19**

одделенски
предметни




**2.2:** Околу 20% од вклучените наставници изјавиле дека немале или дека не би имале никакви потешкотии при организацихата и реализацијата на проектните активности. Меѓу потешкотиите наведени од двете групи наставници доминира недостатокот од средства, па потоа следат сменската работа и просторните услови. Најмал проблем се гледа кај учениците и кај родителите.

**2.2. Потешкотии при организацијата и реализацијата на проектните активности**

одделенски
предметни



**2.3:** Само околу 1% од вкупниот број учесници не гледаат корист во проектните активности, а дополнителни 8% не можат да проценат од кој вид проектни активности учениците имаат или би имале корист. И предметните и одделенските наставници ги сметаат покорисни проектните активности што се во функција на наставата од оние што се во функција на други области.

**2.3. Корист за учениците од проектните активности**




## 2.3. Акции во училиштето и/или во заедницата

**3.1:** Само околу 10% од вкупниот број учесници во истражувањето не учествувале во некој вид акција со ученици. И меѓу одделенските и меѓу предметните наставници најзастапени се учествата што вклучуваат ученици од сопственото училиште, меѓу кои побројни се акциите што вклучуваат поширок круг учениците од училиштето.

**3.1. Учество во акции што вклучуваат ученици во 2018/19**



**3.2:** Меѓу акциите во кои учествувале наставниците со ученици, побројни се оние што се случувале во рамки на самото училиште од оние во заедницата, при што еколошките анции во училиштата се далеку најбројни од сите други. Единствената релавантна разлика меѓу одговорите на одделенските и предметните наставници укажува на поголема застапеност на хуманитерните акции кај помладите отколку кај повозрасните ученици.

**3.2. Учество во видови акции во 2018/19**



**3.3:** Само околу една четвртина од учесниците во истражувањето изјавиле дека организацијата и реализацијата на акциите не се соочуваат со потешкотии. Меѓу наведените пречки од останатите наставници, на прво место е недостокот од средства за реализација, а на второ е сменската работа. Истовремено, повеќето од наставниците не ги посочувааат ниту мотивираноста на учениците, ниту поддршката од колегите, заедницата и родителите како сериозна пречка.

### 3.3. Потешкотии при организацијата и реализацијата на акциите




**3.4:** Само 0,7% од вкупниот број учесници не гледаат корист од акциите за учениците, а дополнителни 4,8% не можат да проценат од кој вид акции учениците имаат /би имале корист. Кога ќе се споредат акциите во рамки на училиштата со акциите во рамки на заедницата, убедливо водат првите и во одделенска и во предметна настава, што сосема соодветствува со поголемата застапеноста на акциите во училиштата во пракса (3.2).

### 3.4. Корист за учениците од видовите акции



## 2.4. Воннаставни активности со „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици

**4.1:** Повеќе од половината од вклучените наставници не реализирале воннаставни активности со „мешани“ групи ученици од различни наставни јазици. Во 2018/19 учебна година, скоро и да нема разлика меѓу застапеноста на ваквите активности во дво/трijазичните училишта и во партнерство меѓу училишта со различни наставни јазици.

**4.1. Учество во реализација на воннаставни активности со „мешани“ групи ученици во 2018/19**




**4.2:** Наставниците вклучени во воннаставни активности со „мешани“ групи ученици (вкупно 1673) навеле 1698 активности што ги реализирале. Најмал дел од предметните и одделенските наставници учествувале во реализација на гостувања во други училишта и заеднички секции. Другите видови активности со „мешани“ групи се за нијанса позастапени во двете групи наставниции.

**4.2. Реализирани видови воннаставни активности со „мешани“ групи ученици во 2018/19**



**4.3:** Скоро една третина од учесниците не посочуваат никакви потешкотии при организацијата и реализацијата на воннаставни активности со „мешани" групи ученици. Меѓу наведените пречки од страна на другите наставници доминираат средствата за реализација, а учениците и родителите, па дури и наставниците најретко се посочуваат како извори на проблеми за овој вид воннаставни активности.

**4.3. Потешкотии во организацијата и реализацијата на воннаставни активности со „мешани" групи**



**4.4:** Само околу 1,5% од учесниците во истражувањето не гледаат корист од воннаставни активности со „мешани“ групи ученици, а дополнителни десетина посто не можат да проценат кој вид вакви активности се корисни за учениците. Истовремено, повеќе од една четвртина сметаат дека учениците имаат корист од повеќето видови активности со „мешани“ групи. И за одделенските и за предметните наставници, впечатлива е разликата во вреднувањето на заедничките акции од една и на заедничките секции од друга страна (во корист на првите), додека пак заедничките проектни активности иницирани од други институции/организации изгледаат покорисни за повозрасните отколку за помладите ученици.

**4.4. Корист за учениците од воннаставни активности со „мешани“ групи**



## 2.5. Туторски/менторски активности

**5.1:** Во 2018/19 учебна година малку повеќе од половината од учесниците во истражувањето (и одделенски и предметни наставници) организирале активности кои овозможиле ученици да им даваат помош и/или поддршката на свои соученици кои имаат потреба од тоа. При тоа, три четвртини од реализираните туторски/ менторски активности и во одделенска и во предметна настава се случувале по потреба, а не систематски.

**5.1. Учество во организација на туторски/менторски активности во 2018/19**




**5.2:** Околу половината од учесниците изјавиле дека нема пречки за реализација на туторски/менторски активности со учениците. Најголем дел од предметните и одделенските наставници се соочиле или мислат дека би се соочиле со незаинтересираност кај учениците на кои им треба ваков вид помош или поддршка. Најмал дел од одделенските наставници како проблем ја доживува немотивираноста на учесниците кои би требало да се јават во улога на ментори/тутори, а најмал дел од предметните наставници мислат дека родителите би биле пречка.

**5.2. Потешкотии при организацијата на туторски/менторски активности**



**5.3:** Околу 9,5% од вкупниот број наставници-учесници во истражувањето не можат да проценат кој би имал најголема корист од туторски/менторски активности со учениците. Поголем дел од оние што проценувале сметаат дека учениците би профитирале повеќе од наставниците, а во рамки на учениците, покорисно би било за корисниците на таквата помош/ поддршка отколку за оние кои ја би дејствувале во улога на ментори или тутори.

**5.3. Корист од туторски/менторски активности**



## 2.6. Вон-училишни активности

**6.1:** Многу мал дел од вклучените наставници не учествувале во вонучилишни активности. Другите учествувале во 1,24 вакви активности во просек. Споредбата меѓу видовите вонучилишни активности покажува дека далеку најголем дел од наставниците учествувале во еднодневни екскурзии/излети. Во еднодневните настани учествувале поголем дел од одделенските отколку од предметните наставници, додека пак во екскурзиите со ноќевање уествувале повеќе предметни, отколку одделенски наставници.

**6.1. Учество во вонучилишни активности во 2018/19**




**6.2:** За скоро половината од учесниците во истражувањето нема никакви потешкотии при организацијата на вон-училишните активности. Најголема пречка за најголем дел од другите наставници, без оглед на тоа дали работат со помладите или со повозрасните ученици, се средствата за реализација, а најмал дел гледаат проблем во мотивацијата на учениците.

**6.2. Потешкотии при организацијата на вонучилишните активности**



**6.3:** Скоро половината од вклучените наставници (и одделенски и предметни), гледат корист за учениците од повеќето видови вонучилишни активности. Кога ќе се споредат различните видови вонучилишни активности може да се забележи дека за поголем дел од предметните наставници гостувањата во други училишта во или вон земјата се покорисни од екскурзиите со или безноќевања. Од друга страна, одделенските наставници се скоро рамномерно распоредени околу проценката на корисноста од сите видови вонучилишни активности.

**6.3. Корист за учениците од вонучилишните активности**



## 2.7. Ученичко организирање

На прашањата за ученичко организирање одговараа само одделенските наставници (вкупно 1113) и одделенските раководители од редовите на предметните наставници (вкупно 912).

**7.1:** Повеќе од 10% од одделенските наставници вклучени во истражувањето изјавиле дека во паралелката за која се одговорни нема избрано Претседател на Одделенската заедница. Убедливо мнозинство од наставниците (и одделенски и предметни) во чии паралелки е спроведен избор тврдат дека е тоа направено со тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на самите ученици.

**7.1. Избрани Претседатели на Одделнска заедница**




**7.2:** Според учесниците, во најголем дел од паралелки од одделенска настава начинот на спроведување на изборот на Претседател на Одделенската заедница зависи од содејството на учениците со одделенскиот наставник, додека пак во најголем дел од паралелките од предметна настава изборот е детерминиран од правилата што се пропишаните на ниво на училиште.

**7.2. Од кого/што зависи како ќе се спроведе изборот**



**7.3:** Во најголемиот број случаи Одделенската заедница и нејзиниот Претседател учествуваат во решавање на сите проблеми во паралелката, а во сосема незначителен број се паралелките кои имаат нефункционална Одделенската заедница или таква која е ориентирана само на поддршка на одговорниот наставник.

### 7.3. Функционирање на Одделенската заедница и Претседателот




**7.4:** Според добиените одговори, повеќе од половината од наставниците сфатиле дека демократското функционирање на Одделенската заедница зависи од заедничкото делување на учениците и одговорниот наставник, но притоа предност имаат барањата на учениците. Истовремено, многу мала е застапеноста на наставниците кои мислат дека иницијативноста на самиот Претседател е доволна за демократското функционирање на Одделенската заедница.

### 7.4. Од кого/што зависи демократското функционирање на Одделенската заедница



**7.5:** Незначителни 2,5% од вклучените наставници не можат да ја проценат корисτа од демократското функционирање на Одделенската заедница. Сепак, за скоро половината од вклучените одделенски и предметни наставници, најголема придобивка е развивањето на демократска култура кај учениците, но не е занемарлив и бројот на оние кои гледаат практична корист при решавањето на проблемите меѓу учениците, но и на проблемите на релација ученици-наставници и обратно.

**7.5. Придобивки од демократското функционирање на Одделенската заедница**




## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Резултатите добиени со истражувањето се однесуваат на искуствата и мислењата изкажани од страна на 15% од наставниците вклучени во образовниот систем на Република Северна Македонија. Освен тоа, учеството на наставниците во истражувањето е на доброволна основа поради што се работи за самоселектирана група учесници. Мора да се има во вид дека голем дел од оние кои му пристапиле на прашалникот се откажале по почетното соочување со прашањата (и останеле оние кои се чувствувале доволно комотно да одговараат за нивното учество во воннаставните активности) поради што е оправдано да се очекува дека добиените резултати укажуваат на состојба која е далеку подобра од постоечката.

2. Кога ќе се споредат различните категории воннаставни активности, може да се констатира дека наставниците (и одделенски и предметни) имаат најголемо искуство со акции во училиштето и/или во заедницата. Потоа следат искуствата со учество во организација и реализација на вонучилишните активности (излети, екскурзии, гостувања) и планирање и реализација на секции од различен карактер. Споредено со другите, најмалку застапени се проектните активности иницирани од други организации/институции. Само дел од воннаставните активности во кои учествувале наставниците се реализирале со ученици од различни наставни јазици.

3. Некои од наставниците планирале да реализираат и повеќе од еден вид **секции**, но при тоа не ги вклучиле ученици во подготовка на програмите за секцијите. Најзастапени се секциите кои се насочени кон проширувањена наставните предмети/области што предметните наставници ги сметаат за најкорисни. Мнозинството од наставниците ги реализирале секциите од време на време, при што наставниците од предметна настава биле поредовни од колегите од одделенска настава. За предметните наставници, најголема пречка за реализација на секциите е сменската работа, а за одделенските наставници е недостатокот на средства, додека интересот на учениците претставува најмал проблем и за едните и за другите.

4. Повеќе од наставниците (и одделенски и предметни) учествувале во надворешно иницирани **проектни активности** што се во функција на постоечките наставни предмети/области, отколку во такви што припаѓаат на вonнаставни области, што се совпаѓа и со перцепцијата на наставниците за корисноста од ваквите воннаставни активности. Меѓу наведените потешкотии за реализацијата на овој вид активности доминира недостатокот од средства, па потоа следат сменската работа и просторните услови. Учениците и родителите се доживуваат како најмал проблем.

5. Помал дел од наставниците учествувале во **акции** со учениците што се однесуваат на заедницата, а поголем дел биле вклучени во акции ограничени на нивното училиште, кои истовремено ги доживуваат како покорисни. Единствената релавантна разлика меѓу одделенските и предметните наставници укажува на поголема застапеност на хуманитерните акции кај помладите отколку кај повозрасните ученици. Како пречки за реализација на акциите најпрво се посочуваат средствата, а потоа и сменската работа – ниту мотивираноста на учениците, ниту поддршката од колегите, заедницата и родителите не се перципираат како сериозен предизвик.

6. **Активности со „мешани“ групи ученици** од различни наставни јазици не се вообичаени, но скоро подеднакво ги вклучуваат и наставниците кои работеле со ученици само од своето (повеќејазично) училиште и оние кои обединувале ученици од партнерски училишта. Најмалку застапени видови активности со „мешани“ групи се гостувањата во други училишта и заедничките секции, кои се вреднувани како најмалку корисни. Истовремено, надворешно иницираните заеднички проектни активности изгледаат покорисни за повозрасните отколку за помладите ученици. Меѓу наведените пречки за реализација на вонаставните активности со „мешани“ групи ученици доминираат средствата, а учениците и родителите, па дури и наставниците најретко се посочуваат како извори на проблеми.

7. Кога организираат **туторски/менторски активности** со учениците, и одделенските и предметните наставниците го прават тоа по потреба, а не систематски. Мал дел од нив гледаат корист за нив самите од организирање на соученичката помош/поддршка, а има тенденција ваквите активости да ги сметаат за покорисни за корисниците на соученичката помош/поддршка отколку за оние кои би го пружале тоа. И покрај тоа што голем дел од наставниците се свесни дека не се соочиле или не би се соочиле со потешкотии при организацијата на ваков вид активности, незаинтересираноста кај учениците кои би требало да се под менторство/туторство ја доживуваат како поголема пречка од немотивираноста на соучесниците кои би требало да се јават во улога на ментори/тутори.

8. Еднодневните **вонучилишни активности** се дел од искуствата на скоро сите наставници. Во еднодневните екскурзии/излети учествувале поголем дел од одделенските отколку од предметните наставници, додека пак во екскурзиите со ноќевање уествувале повеќе предметни, отколку одделенски наставници. Одделенските наставници ги сметаат сите видови вонучилишни активности за подеднакво корисни, додека пак предметните наставници повеќе ги ценат гостувањата во други училишта во или вон земјата од екскурзиите со или без ноќевања. Единствената потешкотија при организација на овие активности претставува недостатокот од средства.

**9.** Во училиштата се создадени услови за демократско **ученичко организирање** на ниво на паралелки – во паралелките се применети соодветни механизми за избор на Претседател на Одделенската заедница по демократски пат, кои потоа, во најголем број случаи, учествуваат во решавање на сите проблеми во паралелката. Повеќето од наставниците сфатиле дека за да се обезбеди демократско функционирање на Одделенската заедница не треба учениците да бидат препуштени сами на себе, туку дека е потребно да бидат поттикнати и/или потпомогнати од одговорниот наставник. Ученичкото организирање се смета за корисно за развивање на демократската култура кај учениците, но и за решавање на проблемите меѓу учениците, како и на проблемите на релација ученици-наставници и обратно.

# 3. ИСКУСТВА И МИСЛЕЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ – КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

Дискусиите во фокус групи со наставници од одделенска и предметна настава се организирани со **цел** да се добијат квалитативни податоци за размислувањата и ставовите на наставниците за воннаставните активности. Поконкретно за:

- ✓ потребата од воннаставни активности;
- ✓ какви видови секции треба да се реализираат во училиштето;
- ✓ како најдобро да се организираат и реализираат секциите за да бидат ефикасни;
- ✓ дали се наставниците оспособени за реализација на секции од различен вид;
- ✓ како да се мотивираат наставниците да нудат и реализираат секции што се интересни за учениците;
- ✓ како да се мотивираат повеќето ученици да учествуваат во секциите и
- ✓ како да се вреднува учеството на учениците во секциите.

Подолу се прикажани основните констатации од дискусиите во фокус групити и илустрирани се со искажувања од учесниците во дискусиите.

## 3.1 ПОТРЕБА И КОРИСТ ОД ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Сите наставници сметаат дека треба да има воннаставни активности од различен карактер. Повеќето наставници сметаат дека треба да има различни воннаставни активности како по форма така и по содржина. Како пример наведуваат активности од областа на спортот, уметноста и творештвото во сите области, хуманитарни, мултиетнички и еколошки активности, но и активности поврзани со проширување на знаењата од одделни наставни предмети. Од аспект на местото на реализација наставниците, покрај активностите што може да се изведуваат во училиштето, сметаат дека треба да се организираат посети на културни и уметнички настани, но да има и „*соработката со пензионерски домови, други центри зависно од условите во локалната средена*“, исто така треба да има и проекти, екскурзии, посети на различни места и други истражувачки активности.

Наставниците од одделенска настава сметаат дека треба да превдладуваат „*вoннаставни активности од рекреативен и забавен тип, децата се цел ден се со нешто зафатени, им треба некоја физичка, музичка, балетска или слична активност, или да се има некое делче, како паркче па да се одгледуваат цвеќиња... нешто што ќе им е ново и интересно*“ (одделенски наставник[19]) и затоа што „*децата се премногу дома, пред компјутер во седечка положба, не се движат, не се дружат, не се доволно социјализирани*“ (одделенски наставник). Одделенските наставници сметаат дека на таквите активности и децата и наставниците се порелаксирани и дека се остварува поквалитетна комуникација отколку во редовната настава. „*И јас се сеќавам мојата учителка не беше ни нервозна, не гледаше ни на сатот кога ќе заврши активноста за да си оди дома*“, си спомнува еден одделенски наставник. Има мал број одделенски наставници кои сметаат дека во прво и второ одделение не треба да има вoннаставни активности, а од трето одделение треба да ги има.

Предметните наставници, во значително поголем број од одделенските наставници, сметаат дека треба да има вoннаставни активности што се сврзани за наставните програми во определени предметни области и како форма најчесто мислат на секции. Дел од наставниците предлагаат секциите да не бидат од една област, туку мултидисциплинарни: „*Секции треба да има, тоа е вoннаставно дружење со децата и наставниците. Пример: македонски јазик е поврзан со други предмети историја, музичко итн., а децата се тие. Мислам дека решение е ако вклучиме повеќе предмети во една секција*“ (предметен наставник). Тие, почесто од одделенските наставници, изразуваат резерви во однос на бројот и видовите вoннаставни активности. “*Да има одреден број вон наставни активности, да не се премногу за да може да се остварат, да се вклучат повеќе ученици на помалку вoннаставни активности*“ (предметен наставник).

Се добива впечаток дека некои предметни наставниците ги мешаат вoннаставните активности со различните видови настава (додатна, дополнителна, теренска, наставни екскурзии и сл.) и често ги поврзуваат со подготовките за натпревари. На пример еден предметен наставник вели: „*Сметам дека треба да има вон-наставни активности поделени, меѓутоа, ако може така да се каже во две категории, насочени кон послабите ученици како помош и поддршка во учењето, а друг вид наставни активности насочени кон талентираните, или ајде да кажиме, натпросечните ученици на кои пак треба да им се даде поддршка за унапредување на знаењата. Значи, да не е од иста категорија.*“

Најголемиот дел и од одделенските и од предметните наставници едновремено со изразување на декларативното мислење од потреба на разновидни вoннаставни активности укажуваат на пречките за нивната реализација. Тие сметаат дека учениците се преоптоварени со часови, а после часови одат на дополнителни активности како спорт, музиката, курсеви по странски јазици, па тешко е тие ангажмани да се усогласат со вoннаставни активности организирани од училиштето. Сметаат дека е тешко дополнително учениците да останат на секција затоа што немаат концентрација „*Тешко се работи затоа што се преоптоварени, остануваат за работа само едно до две деца*“ (предметен наставник). Според искажувањата на дел од предметните наставници учениците не сакаат да остануваат после часови, па тие само ги спремаат за натпревари. Наставниците, генерално, сметаат дека учениците имаат интерес и сакаат вoннаставни активности, но нема кога да се реализираат поради обемниот фонд на часови и немањето соодветни просторни услови во училиштата. Сметаат дека вoннаставни активности би можело да има „*ако би се намалил фондот за учениците, што би било добро, но како што е фондот сега не би можело тоа да се изведи, премногу ќе бидат учениците опте-*

19 Заради обезбедување на анонимност ќе се користи терминот наставник за припадниците од двата пола и нема да се наведува училиштето ни местото во кое тоа се наоѓа.

*ретени*" (одделенски наставник). „*Можеби треба, можеби не* (да има воннаставни активности), *прво нема услови, нема време кога да се реализираат, ако биде сабота или после часови, пак нема време, и децата не можеме сите да ги викнеме да дојдат, ако имаат по 7 часа*" (предметен наставник). „*Јас кога ги спремам учениците за натпревар, доаѓам еден час пред почеток на работното време (пополадневна смена) и не можем да најдам училница. Ако во истото време друг наставник сака да ги подготвува, немаме каде. Наш најголем хендикеп ни се немањето кабинети, кабинетска настава и двосменското работење*" (предметен наставник).

Во дискусијата за прашањето: Зошто треба да има воннаставни активности, наставниците набројуваат различни придобивки од нив за учениците, но и за наставниците. Генерално, придобивките за учениците што ги наведуваат наставниците може да се групираат во следниве подрачја:

- ✓ Когнитивни - стекнување на знаења, вештини, развој на креативноста,
- ✓ Психомоторни - развој на физички способности, координација на телото,
- ✓ Социјални - дружење, забава, толеранцијата, тимска работа, натпреварувачки дух, комуникативност, соработка и почитување на други личности,
- ✓ Личен развој - јакнење на самодоверба и позитивна слика за себе, слобода во изразувањето, самостојност, организација на слободното време, љубов кон училиштето, проширување на интересите.

Според наставниците воннаставните активности „*многу позитивно влијаат во однос на развојот на вештини, способности и јакнење на самата личност на ученикот како индивидуа*" (одделенски наставник), придонесуваат за „*нови знаења, поголема мотивираност, отргнување од технологијата, тоа ни е целта, развивање афинитети*" (предметен наставник). Наставниците образлагаат дека воннаставните активности што се поврзани со образовните содржини придонесуваат учениците подобро да научат затоа што „*она што се гледа подобро се помни како на пример посета на музеј, натпреварите*" (одделенски наставник), како и „*да си ги проверат своите способности, вештини, афинитети. Некој не е свесен што се може сé додека не е член на некоја воннаставна активност*" (предметен наставник).

Од друга страна, воннаставните активности придонесуваат и за социјалниот развој, има големи можности за „*дружба, во наставна активност има сегрегација, а во вон-наставна може да си ги продлабочуваат знаењата, а ние како наставници треба да ги откриеме и продлабочиме, развивање на ентузијазмот и тие аспекти*" (одделенски наставник). Во воннаставните активности „*учениците на еден неформален начин учат да се дружат меѓусебно, едни со други да се помагаат, од таквите активности кај нив се развива емпатија, а се разбиваат стереотипите и предрасудите, сето тоа води кон со давање на една комплетна личност*" (одделенски наставник), „*на слободните активности учениците се слободни и среќни, да го применат тоа што го научиле, да не биде само теорија туку и примена* " (предметен наставник).

Наставниците наведуваат различни примери како воннаставните активности може да бидат корисни за различни аспекти на развојот и добросостојбата на учениците. На пр. еколошките акции ги наведуваат како пример за развој на еколошката свест, практиката за време на одморите меѓи часовите да се организираат рекреативни активности како пример за релаксација и подобра концентрација на часовите, посетите на домови за стари лица како пример за развој на хуманоста и емпатијата и тнт. Воннаставните активности им овозможуваат на учениците да го изразат талентот и да ги „*презентираат своите дела (литературни, ликовни и ...) во училиштето и надвор од него што допринесува за јакнење на нивната самодоверба и мотивација за понатамошна работа*" (одделенски наставник).

Од дискусиите може да се заклучи дека повеќето наставници имаат позитивен став во однос на потенцијалните придобивки за учениците од вонннаставните активности. Но, има и мал број наставници кои сметаат дека нема придобивки од воннаставните активности, што го образложуваат со преоптовареноста на учениците и немање соодветни услови за реализација на воннаставни активности. „*Нема корист зошто децата и така имаат многу часови а и просторија немаме каде да ги одржиме овие активности*" (одделенски наставник). Тие предлагаат да се намали бројот на часеви: „*во 4-то имаш 7 часа редовна наставна, кога ќе правиш воннаставни активности, 8-ми и 9-ти час? Невозможно. Талентите инаку сами ќе излезат на површина*" (одделенски наставник).

Наставниците, иако поретко, идентификуваат и придобивки од воннаставните активности и за наставниците. Тие најчесто се однесуваат на:

1. подобар успех во работата - подобро да ги запознаваат учениците, ги идентификуваат нивните способности, се зајакнуваат знаењата на учениците,
2. личниот и професионалниот развој - добиваат нови идеи, стануваат покреативни, се поттикнува мотивацијата, докажувањето, исполнетоста од работата и постигнувањата,
3. социјални контакти и комуникација - зближување со учениците и колегите

Наставниците тоа вака го образлагаат: „*Со релизација на воннаставните активности ги зголемуваат знаењата, се дружаат и соработуваат учениците, а за нас ќе ни биде полесно реализација на целите во наставната програма*" (одделенски наставник), „*Учениците ќе добиваат повеќе информации, а јас ќе ги постигнам предвидените цели поставени и во редовната програма, а исто така и програмата за воннаставните активности*" (предметен наставник), „*Наставниците можат подобро да ги запознаат учениците и нивните афинитети, полесно да ги откријат талентираните ученици и да работат на развивање на нивниот талент*" (одделенски наставник). Некои наставници сметаат дека од воннаставните активности има придобивки и за родителите.

Има и по некој наставник со спротивно мислење од наведените, којшто смета дека „*Ни за учениците, а ни за наставниците нема корист – учениците имаат многу редовни часови, а наставниците не се платени доволно да бидат мотивирани да реализираат дополнителни активности*" (предметен наставник).

## 3.2 ПОТРЕБА ОД СЕКЦИИ И НИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Во дискусиите во фокус групите посебен акцент беше ставен на секциите. Наставниците сметаат дека во училиштето треба да се реализираат секции од различен вид и од различни подрачја. Тие сметаат дека преку секциите може да се постигнат различни цели, а пред сѐ:

- ✓ задоволување на интересите и проширување на знаењата од сите области;
- ✓ развој на творештвото (пред се во областа на литературата и ликовната уметност);
- ✓ физички развој, навика за спортување и здраво живеење;
- ✓ афирмација на учениците во различни области на науката и уметностите и
- ✓ социјализација, релаксација, рекреација и забава.

Секциите за проширување и продлабочување на знаењата според наставниците се потребни „*за да се надополнат афинитетите на одредени ученици за кои формалниот дел од наставата не нуди доволен број информации*" (одделенски наставник) или „*бидејќи има ученици што се надарени и имаат вештини во себе но можеби домашните услови не му овозможуваат понатамошен развој на вештината*" (одделенски наставник). Овие секции треба да произлегуваат од целите на наставната програма и истите да се проширувaат е мислењето на дел од наставниците. Така учениците ќе ги утврдат и продлабочат знаењата кои ги стекнуваат во рамки на наставата. Во предметна настава преку секциите се идентификуваат и подготвуваат ученици за натпревари во повеќето предметни области. Наставниците често наведуваат дека во секциите се работи на понеформален и поинтересен начин, па на учениците им е полесно да научат. „*Ние треба учениците да ги извадиме и надвот од училиштето, да посетиме музеи, театри и други институции. Така и училиштето ќе го приближиме кон ученикот*" (предметен наставник).

Секциите за развивање креативност се најчесто спомнувани како потребни. Во училиштата треба да се работи на подрачјето на литература: изразно читање, рецитирање, драматизација, создавање литературни творби. Често спомнувани се и ликовното творештво, музичките подрачја: свирење, пеење, танцување. „*Токму на овие организирани активности може да се откријат можностите на учениците и истите добро да се промовираат индивидуално од страна на учениците*" (одделенски наставник). Учениците кои редовно одат во овие секции се секогаш подготвени со своите творби или вештини да учествуваат во различни точки на приредба. Преку овие секции се идентификуваат новите таленти, а преку јавно учество на различни настапи се зајакнува самодовербата кај учениците. Но, дел од одделенските наставници сметаат дека ова прашање е порелевантно за предметна настава, веројатно заради праксата повозрасните ученици да бидат носители на точките застапени на приредбите.

Во дискусијата околу секции чии цели се првенствено воспитни (формирање на карактерот, намалување на предрасудите, почитување на различностите, разрешување конфликти, почитување на детски/човекови права) наставниците се речиси едногласни дека вакви секции се многу потребни, затоа што „*последниве години има голема нетрпеливост меѓу децата, агресивни се, а овие активности им овозможуваат да си помагаат, да се почитуваат*" (одделенски наставник). Во овој контекст наставниците наведувале примери од

активности во рамките на различни проекти што се реализираат во соработка со невладини организации или во рамките на е-твининг програмата.

Од секциите чија основна цел е формирање здрав животен стил наставниците најчесто ги спомнуваат спортот и спортските игри. Нивната потреба ја нагласуваат заради тоа што децата малку се движат, носат претешки ранци, многу се пред компјутер. Секции што придонесуваат за зачувување на животната средина, здрава исхрана и сл. ретко се спомнуваат како можност. Исто така ретко се спомнуваат секции преку кои се развиваат практични вештини за живеење (пр. готвење, шиење, градинарство, хортикултура). Поттикнати за дискусија на оваа тема наставниците сметаат дека и тие се потребни затоа што денешниве деца не се учат на овие вештини, а „*денешното темпо на живеење не им дозволува на родителите да ги оспособат учениците на вакви вештини*" (предметен наставник). Некои од наставниците укажуваат дека за реализација на вакви секции се потребни повеќе материјални средства, а други сметаат дека нема да има интерес на учениците. „*За практични вештини, сметам дека не покажуваат некоја особена заинтересираност со оглед на тоа што во нашето време – насочени се кон интернет*" (одделенски наставник).

Наставниците ги препознаваат потенцијалите на воннаставните активности за меѓуетничка интеграција и комуникација и сметаат дека е потребно организирање на заеднички работилници како што има практика во повеќето училишта, посети на други училишта, организирање на кампови и други видови активности. Кога се работи за меѓуетничка соработка укажуваат на добри примери кога во воннаставните активности се вклучуваат ученици од различни етникуми, кога „*заедничкото дружење допринесува за подобро запознавање и со тоа надминување на предрасуди*" (предметен наставник), но и на несоодветна пракса „*секциите се изведуваат самостојно со ученици од едно одделение и можноста за соработка со ученици од друга националност е мала, дури и точките за приредба се вежбаат самостојно*" (одделенски наставник).

Наставниците се согласуваат дека е корисно да се реализираат разновидни секции, но какви секции ќе се организираат и реализираат во училиштето зависи од повеќе фактори:

- ✓ од потребите и од интересите на децата;
- ✓ од наставниот кадар во училиштето;
- ✓ од условите и раководењето во училиштето и
- ✓ од регулативата што ја донесуваат надлежните институции (МОН и БРО).

Зборувајќи за тоа од што зависи какви секции ќе има речиси сите наставници во прв план ги ставале афинитетите и интересите кои ги покажуваат учениците кон одредено подрачје, потоа одлуките на наставниците затоа што наставникот „*си ги знае децата со кои си работи*" (одделенски наставник). „*Мора да се слушнат, јас мислам најпрво, желбите и потребите на учениците, потоа мислењето на наставниците и родителите е секако важно како една спрега и триаголник, ама најгоре се сепак учениците и нивните потреби, желби и интереси*" (предметен наставник). „*Секој одделенски совет треба да изработи програма за воннаставни активности и истата треба да содржи активности од сите подрачја*" (одделенски наставник).

Какви секции ќе има зависи од тоа колку и за што се мотивирани наставниците и учениците, но и од условите и раководењето со училиштето. Многу училишта работат во две смени и немаат ниту просторни ниту други услови за реализирање на секции и други воннаставни активности, сметаат дел од наставниците. „*Двосменската работа ја уништува секоја можност за работа, опремата и условите за работа се мизерни*" ар-

гументира еден предметен наставник. Голем број наставници, особено предметни, сметаат дека за успешно реализирање на секциите е потребно училиштето да работи во една смена. Укажуваат на примери кога сакале да организираат вонаставни активности во сабота, во согласност со родителите, но добиле забелешки од државниот просветен инспекторат. За работата на повеќето секции се потребни и материјални средства што училиштата ги немаат. Предметен наставник објаснува: „*Шест години со ред учествувам на натпревари по биологија, единствено што ми фали е посебна училница со компјутери и смарт табла, ни треба интернет, сознанија да имаат децата за поголеми натпревари*". На несоодветно раководење кога се во прашање секциите укажува одделенски наставник според кого „*училиштето често пати е навикнато да принудува реализација на вон наставни активности, таканаречени секции, а тоа се поврзани со имплементација на одреден проект кој е добиен или понуден од надворешни донатори без претходно да бидеме запознаени*".

Дел од наставниците укажуваат дека од програмските документи зависи какви секции ќе има. Сметаат дека тие на некој начин треба во нив да бидат пропишани. „*Не знам како е подобро да биде во рамките на наставната програма со дополнителен додаден дел каде ќе бидат внесени и потенцирани вонаставните активности за предметите кои мие како одделенски наставници предаваме а со тоа ќе се утврдат и постигнатите резултати преку одредена секција*" (одделенски наставник). „*Јас мислам дека треба да се унифицирани програмите, Министерството да ни понуди..па ние што ќе одбериме, зависит од децата што ги имаме..*" (одделенски наставник).

Сумирано, според еден одделенски наставник какви секции ќе има зависи „од условите, од кадарот, од интересот на учениците, од соработката на родителите, потребно е време и повеќе обиди да се создаде атмосфера која ќе го поттикнува учеството на учениците во овие активности, на онака презафатените ученици."

Бројните фактори од кои зависи какви секции ќе се организираат во училиштето според мислењата на наставниците ја прават сложена нивната организацијата и реализацијата. Повеќето наставници сметаат дека времето претставува голем проблем, бидејќи учениците имаат 5-6 редовни часови. „*Некои ученици одат на тренинзи кои се надвор од училишните активности или во музичкото училиште се на часови и тогаш треба сето тоа да се усогласи во договор со родителите, учениците и тренерите*" (одделенски наставник). „*Поради големиот број на програми и фонд на часови реализацијата на вонаставните активности е невозможна мисија*" смета предметен наставник. „*Невозможно е детево после седум часа да очекуваме дополнително уште два часа, три, или еден нека е, на крајот од краиштата и дополнителна настава, и ако го земиме и ангажманот домашен што го има не останува вре за наредниот ден*" објаснил предметен .

Во однос на тоа во кое време е најдобро да се реализираат секциите има различни мислења, но доминира дека тоа треба да биде по завршувањето на редовната настава, најдобро во петок или во друг ден кога учениците имаат помалу часови. Има и мислења дека по наставата учениците се уморни и дека е поефективно секциите да бидат пред наставата додека други наставници предлагаат да се реализираат меѓу двете смени.

Што се однесува на денот во неделата има различни мислења: во средина на неделата, на крајот на неделата, во сабота. Според предметен наставник тоа „*зависи од времето на учениците, обично би требало еден ден да има помалку часови и тој период да биде за секции*". Има практики во предметна настава секциите да се реализираат во сабота, додека други сметаат „*Само да не се организираат во сабота. Поготово со малите деца, они се со родителите*" (одделенски наставник).

Повеќето наставници сметаат дека секцијата треба да се реализира еднаш неделно, а пред приредба, патрониот празник на училиштето или некој настан и почесто. „*Еднаш неделно бидејќи имаат 30 часови неделно и се многу оптоварени за нивната возраст*" (одделенски наставник). Најдобро е работата во секцијата да се одвива во рамките на час од 40 минути, но, според мислењата на наставниците таа може да трае и повеќе зависно од видот на активностите. Наставниците се согласуваат дека за реализација на воннаставните активности е потребна однапред утврдена динамика за текот на целата наставна година, која што може да се менува според потребите.

## 3.3 КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Во однос на прашањето дали се оспособени да реализираат секции мислењата на наставниците се различни. Некои одделенски наставници сметаат дека се оспособени, а други дека се делумно оспособени. „*И да и не. Можеби да за прво, второ и трето, но за поголемите одделенија може треба вклучување и на предметни наставници*" (одделенски наставник). Повеќето одделенски наставници сметаат дека литературна, драмска, рецитаторска, природно-научна, математичка, еколошка секција можат да реализираат поголем број од наставниците, додека за пеачка, играорна, балетска, оркестар и ликовна се потребни способности кои ги немаат сите одделенски наставници и „*одредени секции имаат потреба од присуство на стручно лице од конкретна област.*" (одделенски наставник). Пооптимистички расположените наставници сметаат дека „*ако не се оспособени за одредени теми со учествување на различни обуки и користење на технологијата можат и да се усовршуваат*" (одделенски наставник) и може да бараат помош од колегите. Други сметаат дека во принцип сите наставници може да ги реализираат сите секции, но прашање е колку ќе бидат успешни. Речиси сите предметни наставници сметаат дека се оспособени да реализираат секции од својата предметна област и евентуално од некоја област за која имаат афинитети. Оспособени се „*затоа што активностите на наведените секции се во корелација со наставните предмети кои ние ги предаваме и заради тоа што имаме посетувано обуки кои на некој начин се поврзани со секциите*" (предметен наставник). Речиси сите предметни наставници и повеќето одделенски наставници сметаат дека можат да ги испланираат активностите и да изработат програма за секција. Некои од нив се доста сигурни во себе, како одделенска наставничка која вели „*Јас лично би ја избрала темата сама, ќе видам како учениците ја воспримаат..би креирала програма.. буквално мене ако ми легни темата, и би ме мотивирала*". На други пак, им треба дополнителна помош или соработка. Добро би било кога таа помош би дошла од компетентно лице особено во практичниот дел. „*Можеме сами но и советниците треба да ни помогнат во подготовка на активностите , програмата, реализација на секциите за да имаме по соодветен и различен пристап од редовната настава*" (предметен наставник). Има наставници кои сметаат дека би било добро претходно да им биде дадено упатство за планирање и дека е подобро ако програмите ги изготвуваат тимски. Исто така има прелози „*од компетентните институции да има инструкции врз основа на која ќе се потпират за подготвување на програмата*" (одделенски наставник). Според наставниците изготвувањето на програмата за секција зависи од повеќе фактори: возраста на учениците, интересите и можностите, паралелката, годишната програма за работа на училиштето, поддршката, подрачјето на секцијата, но е дека треба да се имаат предвид „*современите трендови* (во педагогијата)" (предметен наставник). Некои наставници сметаат дека доколку им бидат понудени модели на програми тие би можеле да ги прилагодат на конкретните услови. Може „*да ги направиме програмите убави и да ги реализираме, а не само да пишуваме, без да ги реализираме*" смета еден предметен наставник.

Интересно е што наставниците сметаат дека во секциите треба да се работи различно одошто во редовната настава. Треба да се работи повеќе индивидуално и во групи, помалку формално и порелаксирано, зависно од природата на активностите. Еден предметен наставник тоа вака го образложува „*Штом работиме во секции, значи тие деца се поталентирани од другите.. и во секој случај треба малку поинаку да се работи и треба да има повеќе ресурси...од општината да помогнат... финансиски*". „*Во секциите учениците бидејќи се селектирани според афинитетите треба да имаат поголема слобода да се работи исклучиво на активен начин. Наставникот едноставно само да насочува и контролира, сите сознанија учениците да ги добиваат преку самостојна работа*" смета одделенски наставник. Треба да се работи релаксирано затоа што „*тоа е нивното слободно време. Во секцијата се доаѓа доброволно, од желба*" (одделенски наставник). Исто така за работа во секциите, според наставниците, се потребни повеќе нагледни средства и материјали.

## 3.4 МОТИВАЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Иако речиси сите наставници се согласни дека воннаставните активности, вклучително секциите, се потребни и корисни, тие не се доволно мотивирани да ги нудат на учениците и да ги реализираат. Повеќето наставници сметаат дека реализацијата на секциите треба дополнително да се плаќа и тоа би била најдобра мотивација за наставниците. Сега одделенските наставници се преоптоварени, имаат повеќе часови од претходно, „*многу е тешко да се прави подготовка за 5-6 часа па дури и за секции*" (одделенски наставник). За секциите се потребни и материјални средства коишто обично нема кој да ги обезбеди. „*И многу часови неплатени работиме, и има резултти, ама ако се мотивираме и ние на некој начин, и финански и немаме како прво и прво, еве на пример, рецитал спремам, драма спремам, кај ќе ископирам јас, финасиски треба облека за децата да, сите работи се исповрзани, треба и од општина помош, родители, училиштето на прво место училиштето, совет на родители...ние со тековни работи кубуриме*" ја објаснува состојбата одделенски наставник. Дел од предметните наставници сметаат дека секциите треба да влезат во фонд на часови, особено на наставниците по одредени предмети кои немаат полн фонд часови на пр. пример по техничко образование, ликовно образование итн. Исто така, сметаат дека треба да бидат мотивирани со дополнителни парични средства, „*да ни се плати потрошеното време*" (предметен наставник). Има предлози да се обезбеди посебно платен фонд за воннаставни активности и да се дели фондот само кај оние наставници кои навистина работат. Се чини дека некои предметни наставници како да имаат конфузија во врска со часовите за настава и работното време, па сметаат дека воннаставните активности не се дел од нивните работни обврски.

Како мотивација за добра реализација на секциите, беа спомнати и материјалите и нагледните средства. Ако во критериумите за кариерен развој се земе предвид работата во секциите тоа би било мотивирачки за дел од наставниците, но не и за други, затоа "*учениците се преоптоварени и не секој пројавува интерес за да учествува во секција*" па наставникот не ни може да реализира секции смета одделенски наставник. Нема воедначено мислење ни по прашањето на третманот на времето за работа во секциите како регуларен фонд на часови. Иако повеќето мислат дека е тоа добро „*сега треба да речиме, фондот на часови ако ми се намали од немање на деца или се укинуваат заради материјалот од 3 на 2, тогаш би можело, платата е помала, а секцијата не се рачуна*" образлага предметен наставник. Други наставници мислат дека нема потреба и така

имаат доволно часови, а тоа „*додатно ќе го комплицира во водењето на педагошката евиденција и документација, а без тоа ништо не се плаќа па уште дополнителна административна работа*" објаснува одделенски наставник. Меѓутоа, има наставници кои за мотивирачка ја сметаат добрата клима за работа во училиштето, „*позитивните резултати на учениците*" (одделенски наставник) како и „*ослободување од административни обврски, папирологии и друга непотребна оптовареност.*" (предметен наставник).

## 3.5. МОТИВАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Речиси сите наставниците се согласуваат дека за да се привлечат учениците треба да им се понудат различни и креативни секции за да можат да бираат. Добро би било да има еден пробен период во кој учениците ќе може да посетат повеќе и различни секции за да се одлучат која секција ќе ја посетуваат. Наставниците ќе мора да бидат креативни за да ги привлечат учениците. „*Сами се мотивираат учениците кога во некои активности се наоѓаат себеси, пред родителите ко' презентираме проект или активноста што сме предвиделе*" (предметен наставник). Според нив доколку се реши на национално ниво секциите да бидат задолжителни и да влегуваат во фондот на часови тогаш и наставниците ќе се трудат повеќе и ќе се грижат да имаат повеќе ученици. Работите треба да се решаваат системски, да се изнајде начин секциите да влезат во наставниот план, да има програми изготвени од Бирото кои наставниците после ќе ги развиваат во зависност од потребите на учениците и во соработка со советниците од Бирото. Исто така, сметаат дека треба да се намали бројот на часови бидејќи учениците ќе се поодморени и мотивирани за учество во секции.

За да се привлече интересот на учениците прво тие и нивните родители треба да се информираат за секциите што ќе работат во училиштето. Тоа може да се направи преку популарни брошури, летоци, презентации, разговори и анкети. При тоа треба да им биде кажано дека учениците може сами да изберат која секција ќе посетуваат, дека нема да се оценуваат, а на родителите дека на тој начин ќе се задоволат некои од потребите за кои тие по часовите ги носат децата во приватни школи. Еден одделенски наставник тоа вака го објаснува „*На родителска средба, анкета за родителите, но најважно од сè е реалното гледање на афинитетите, можностите и способностите на ученикот. Завршниот збор сепак треба да го има наставникот. Реалната слика е дека децата самоволно се пријавуваат и за секции за кои реално немаат знаења и вештини заради друштвото*". Секој наставник треба да ги презентира пред учениците вонаставните активности што ги реализира со цел да ги стимулира и да иницира интерес и желба, со тоа што учениците сами ќе покажуваат интерес за одредената активност, и ќе изберат во која активност ќе учествуваат. При тоа е важно и активностите што се нудат да бидат интересни за учениците. „*Преку интересна програма, со применлива содржина, а не само продолжение на часовите*" (предметен наставник). Успесите на други ученици во работата на секциите исто така може да биде мотивирачка. Според некои одделенски наставници мотивирањето на учениците не е проблем затоа што „*учениците воглавно секогаш се мотивирани и сакаат да учествуваат во настани, приредби,... особено на помала возраст*" (одделенски наставник). Мотивација на учениците претставуваат и различните видови признанија што тие може да ги добиваат за учеството и постигањата во секциите. Тоа може да бидат сертификати, пофалници, книги, но и наградни патувања што би ги финансирала општината или Министерството.

Иако речиси сите наставници велат дека учениците треба да се вклучуваат во работата на секциите согласно желбите и интересите, поделени се мислењата во однос на тоа како и во која мерка учениците може/треба да се вклучат во определувањето на видот на секциите. Најзастапено е мислењето дека треба да се следат интересите на учениците за време на редовната настава и врз основа на нивните покажани интереси да се креираат секции, а самите тие ќе имаат слобода на избор каде би учествувале. Мал е бројот на одделенски наставници што сметаат дека ученичката заедница може да одлучи бидејќи сметаат дека учениците од одделенска настава се мали. „*Мислам дека во почетовокт треба да им се даде шанса, и дека може да им се дозволи да „пливаат“ додека не се пронајдат.. со тек на време ќе се издестилира таа желба, јас сакам ова или јас сакам она, меѓутоа во почетокот мора да се даде шанса на сите да се најдат..денеска се кај мене, утре кај другата, задутре кај третата, значи додека не го најдат тоа баш што нив ги интересира и со што тие ќе се надоградат со таа работа, значи треба да им се дава таа шанса, анкетата тука нема да има некоја улога*“ објаснува одделенски наставник. Меѓутоа поголем број предметни наставници сметаат дека „*како и во многу други активности и тука треба да биде вклучена* (ученичката заедница), *тоа е гласот на учениците*” (предметен наставник).

## 3.6. СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА ВО ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Во однос на утврдувањето дали се постигнати целите на секциите повеќето наставници сметаат дека тие се релативно лесно видливи на крајот од годината преку „*презентација на сработеното, проекти, натпревари, соработка со локалната заедница*“ (одделенски наставник) и други видови продукти од секциите. Дел од наставниците сметаат дека постигнатоста на целите се гледа и преку позитивните промени во знаењата, способностите, вештините на учениците, во изградување на карактерот и сл., а предметните наставници сметаат дека тие може да се видат и преку постигањата во редовната настава затоа што тие се меѓусебно поврзани. Интересен е одговорот на еден предметен наставник кој смета дека работата во секцијата била успешна „*ако* (ученикот) *дојде и наредната година да учествува.*“

Повеќето наставници се свесни дека е потребно на различни начини да се следи работата на учениците во секциите, да се оценува и евидентира нивниот напредок. Некои наставници укажале дека можат да се изготват индикатори за постигања и дека во следењето и вреднувањето на постигањата треба да бидат вклучени и учениците. Работата на учениците во секциите „*не треба да се оценува како во редовната настава туку на посебен начин со јавно пофалување пред цело училиште*“ е ставот на одделенски наставник што на сличен начин го изразиле најголемиот број од наставниците. Вреднувањето на работата на учениците во секциите, сметаат наставниците, треба да се предвиди во законот, учениците да се наградуваат на училишно и општинско ниво, да има фондови за награди на ученици и наставници, учениците да имаат можност да добијат диплома, да им се подари книга, да има повеќе наставни средства. Учениците кои покажале најдобри резултати во однос на поставените цели на програмата на секцијата да бидат ментори на други ученици, предлагаат некои наставници. Потребно е да се следи присуството, учеството и постигањето на учениците. Тоа може да се прави на различни начини и со користење на различни инструменти, а може и преку самовреднување, а за доделување на награди треба да се изготват соодветни критериуми - сметаат наставниците.

Речиси сите наставници сметаат дека вреднувањето треба да го прават наставниците што ги водат секциите. Сознанијата од следењето и постигањата треба да се евидентираат и документираат. Има различни идеи како тоа да се прави како на пр. да се создава збирка на докази за постигањата, да се бележи во дневник, во посебни обрасци, да се евалуира описно, да постои додатен дел во свидетелството за учество во вонннаставните активности. Предметните наставници во многу поголем број предлагаат учеството и постигањата на учениците да се земаат предвид при упис во средно училиште.

Наставниците се согласуваат дека и нивната работа во реализацијата на активностите во секциите треба да се следи како и работата во редовната настава. Во однос на тоа кој треба да ја следи согласни се дека тоа може да го прават стручните соработници, но и стручниот актив (со цел да си помагаат меѓусебно). Според некои наставници и Советот на родители може да ја следи работата на секциите. Според наставници стручните активи секако би биле вклучени и во планирањето на програмите и во текот на реализацијата на активностите „*без разлика на наставниот јазик на кој се реализира наставата. На ваков начин доаѓа до размена на идеи и искуства на наставниците во однос на она што би работеле и реализирале*“ (предметен наставник). Некои наставници предлагаат да се формира координативно тело, составено интерно од колеги од училиштето, кое ќе дава помош, поддршка, идеи за реализација на секциите и ќе ја следи нивната работа. Ова треба да биде решено системски, на ниво на општина и на ниво на БРО.

Активностите на секциите се транспарентни, често се бара вклучување и на родителите, а родителите се заинтересирани и информирани и за завршните продукти и презентации на работата на секциите. Па тие, на тој начин, неформално ја следат нивната работа. Тоа е важно затоа што понекогаш од нив се бараат материјали за работа, нивно вклучување или само да ги носат децата на активности на секциите. Оттука најголем број од наставниците сметаат дека Советот на родители треба да ги следи секциите за родителите да бидат во тек со активностите и за да може да земат учество. „*Советите на родителите добро би дошле, но исто така добро би дошле и спонзорства од страна на родителите*“ вели одделенски наставник. Меѓутоа, има и поинакви мислења: „*Не! Заради мешање во работата на наставниците*”, “ *Може да бидат вклучени, но не и од аспект на вреднување, затоа што не се компетентни*” велат одделенски наставници. Стручните соработници и колегите од активите би можеле да користат и инструменти за следење како на пр. чек листи, додека родителите може да ја набљудуваат работата и сработеното во секциите.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Сите наставници сметаат дека треба да има вонначаставни активности од различни области и видови. Одделенските наставници во поголем број сметаат дека тие треба да бидат од рекреативен карактер, додека предметните наставници сметаат дека тие треба да бидат поврзани со наставните предмети и програми.

2. Повеќето наставниците сметаат дека нема услови за реализација на вонnаставни активности првенствено затоа што учениците се преоптоварени со голем фонд часови во редовната настава и затоа што училиштата работат во две смени и нема просторни ни други услови за нивна реализација.

3. Речиси сите наставници сметаат дека од вонnаставните активности има полза за учениците (за нивниот когнитивен, личен и социјален развој) и за наставниците (за нивниот професионален развој, успехот во работата и комуникацијата со учениците и колегите).

4. Наставниците сметаат дека треба да се организираат секции од различни области и со различни цели. Какви секции ќе се организираат и реализираат во училиштето зависи од: потребите и од интересите на децата, наставниот кадар во училиштето, условите и раководењето во училиштето и од регулативата што ја донесуваат надлежните институции (МОН и БРО), при што на прво место се интересите на учениците.

5. Наставниците сметаат дека преоптовареноста на учениците со редовна настава е сериозна пречка за реализација на вонnаставни активности. Од друга страна, учениците ретко тоа го спомнувале како пречка за учество во вонnаставни активности. Секциите треба да се реализираат редовно, најдобро еднаш неделно пред или по наставата.

6. Наставниците сметаат дека се компетентни да ја испланираат и реализираат работата во некои секции. Повеќето одделенски наставници се сметаат компетентни за сите области освен за музика, додека предметните наставници сметаат дека се компетентни за својата предметна област. Речиси сите сметаат дека во секциите треба да се работи на поинаков начин од редовната настава (повеќе групно, индивидуално, тимски, на проекти) и порелаксирано и дека им се потребни повеќе материјали.

7. Повеќето наставници не се мотивирани да реализираат вонnаставни активности затоа што сметаат дека тие не им се платени. Најдобра мотивација би била да бидат дополнително платени за тоа, но има наставници кои сметаат дека е добро тие да влезат во фондот на часови за редовна настава и да се земаат предвид при напредувањето во кариера.

8. Наставниците познаваат различни начини на кои може да се мотивираат учениците за учество во секциите, како на пример да бидат однапред информирани за секциите, да се нудат интересни активности, да се почитуваат нивните желби и интереси, да се вклучи ученичката заедница во определувањето на видовите секции. Меѓутоа, тие не се мотивирани тоа да го прават и според изјавите на учениците ретка е таква пракса во училиштата. Праксата е учениците најчесто да не се навремено информирани и наставниците да определуваат кои ученици во кои вон-наставни активности ќе учествуваат.

9. Наставниците сметаат дека учеството и постигањата на учениците во секциите треба да се следи, евидентира и вреднува. Тоа треба да го прават наставниците што ги реализираат. Вреднувањето треба да биде описно и документирано во досие на ученикот или како додаток на свидетелството. Учениците треба да добијат признанија за постигањата во вид на сертификати, пофалби, награди.

10. Работата на наставниците и постигањата на учениците во секциите е релативно едноставно да се следат затоа што продуктите од нивната работа се презентираат и сите заинтересирани може да ги водат и вреднуваат. Следењето треба да го прават стручните соработници, но може и колегите од стручниот актив (за да си помагаат меѓу себе), дури и родителите (но не и да ја оценуваат работата затоа што не се компетентни).

# 4. ИСКУСТВА И МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Дискусиите во фокус групи со ученици од одделенска и предметна настава се организирани со **цел** да се добијат квалитативни податоци за искуствата и интересите на учениците за вonнаставни активности. Поконкретно за:

- ✓ учеството во воннаставни активности;
- ✓ како се врши изборот на ученици за воннаставни активности;
- ✓ како се работи во воннаставните активности;
- ✓ дали воннаставните активности им се корисни на учениците ;
- ✓ каков е интересот на учениците за учество во различни видови секции.

Подолу се прикажани основните констатации од дискусиите во фокус групити и илустрирани се со искажувања од учесниците во дискусиите.

## 4.1. ПОСТОЈАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧИЛИШТАТА ВО ОДНОС НА ЗАСТАПЕНОСТА НА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

Дискусиите во фокус групите беа организирани такашто во една група учествуваа ученици од исто училиште што овозможи да се добијат согледувања за состојбите со воннаставните активности во конкретното училиште. Очигледни се големите разлики меѓу училиштата кога е во прашање реализацијата на воннаставни активности. Само во две, од вкупно тринаесет училишта, може да се констатира дека се нудат и реализираат различни воннаставни активности. Во тие училишта има разновидни воннаставни активности: секции, посети на различни институции, хуманитарни и еколошки акции, учество на разни манифестации, соработка со други училишта и др. Во тие училишта речиси сите ученици што учествуваа во дискусиите во фокус групите набројувале различни воннаставни активности во кои учествувале, а повеќето се членови на повеќе од една секција „*Јас сум на секциите по математика, биологија, хемија, физика и физичко*", на пример изјавил ученик од предметна настава[20].

20 Заради обезбедување анонимност кога се цитира изјава на ученик секаде ќе се користи машки род за двата пола и нема да биде наведувано училиштето/местото.

Во едно од училиштата има многу разновидни воннаставни активности во рамките на училиштето и надвор од него (посети, учество во проекти, соработка со други училишта во земјава и од други земји) но учениците се ретко вклучени во секции. Во другите десет училишта најчеста практиката е да се реализираат главно активности од областа на спортот и музиката (некаде во поголем број некаде во помал), веројатно затоа што преку тие активности училиштето се презентира во локалната средина, проектни активности за развој на граѓански и социјални вештини што се реализираат преку различни проекти (но не доследно и редовно) и ограничен број секции за проширување на знаењата во одделни области што најчесто се активираат пред почетокот на натпревари или само се организираат подготовки на мал број ученици што учествуваат во натпреварите.

Во многу училишта во одделенска настава нема секции и единствени воннаставни активности се подготовките на одбран број ученици за учеството во натпревари или приредби на ниво на училиште и ретко учество на одбрани ученици во проекти. Според одговорите на учениците од предметна настава во најголем број од нивните паралелки во разни воннаставни активности се вклучени меѓу 20% и 50% од учениците, а некои дури не знаат за воннаставни активности. „*Не сум слушнала за секција и не сум вклучена. Во школото имам учествувано на приредби*“ објаснил ученик од предметна настава. Во ваквите училишта учениците со возбуда зборуваат за ретките искуства со активности (спортски, музички) надвор од училиштето организирани од клубови или уметнички друштва.

Повеќето ученици што се/биле вклучени во воннаставните активности умеат да објаснат што и како работат во рамките на воннаставните активности и зошто ним им е тоа корисно, важно или интересно. „*Јас одам на ликовна секција, и сеуште одам, од почеток уште кога бев шесто одделение започнав да одам на секција. Тоа го правам да можам понатаму да продолжам со мојата кариера во уметност и.. би сакала уште таму да одам. Потоа, тие цртежи можиме сами да ги изложиме на крај на годината..за патрониот празник на училиштето*“ ученик од предметна настава, а ученик од одделенска настава од што учествувал во проект од екологија објаснил дека тоа било за „*да дадеме идеја за заштита на енергијата*”.

Секциите работат во различно време од денот, зависно од смената во која се учениците: некогаш пред, некогаш по часовите, а другите воннаставни активности се одржуваат во време соодветно за активноста. Секциите најчесто се одржуваат еднаш неделно, некаде и поретко. Работата на секциите за проширување на знаењата многу често се сведува на подготовка за натпревари и пред натпреварите се интензивира нивната работа, а тоа е случај и со подготовките за приредби. Во многу училишта постои практика учениците од предметна настава што учествуваат во натпреварите и приредбите да се „ослободуваат“ од редовната настава, а во одделенска настава подготовките да се вршат за време на некој од редовните часови на пр. „*Нас учителката на часот по физичко ни ги даваше тие задачи за вежбање по математика за натпреварот. Другите играа, а ние само решававме*“ (ученик од одделенска настава) а за приредби за време на часовите по соодветните предмети. „*Кога имавме физичко, музичко, ликовно не подготвува за јас имам талент*” (ученик од одделенска настава). Во едно од училиштата во одделенска настава се реализира целодневна настава и таму воннаставните активности се реализираат во слободното време на учениците, како што објаснил еден ученик „*Слободното време не го користиме за играње видео игри туку пишуваме песни и ги праќаме во “Развигорче*“.

Групите за воннаставни активности варираат зависно од природата на активноста и се движат од помалку од 5 ученици (за учество во некој проект или подготовка на некоја точка за приредба) до сите ученици од

паралелката или училиштето, на пример за учество во еколошка акција. Најчесто се меѓу 10 и 20 ученици во повеќето секции за стекнување на знаењата или развивање на креативноста. Дали учениците ќе бидат од едно или од повеќе одделенија зависи од природата на активноста, но во активностите за учениците од предметна настава најчесто се од повеќе одделенија. Во одделенска настава, зависно од активноста, некогаш се вклучени 3-5 ученика (натпревар, проект, понекогаш приредба), а некогаш целото одделение (приредба, понекогаш некаква училишна акција).

Редовноста на учениците од предметна настава во вonнаставните активности зависи од нивната природа, на оние со кусо траење се редовни, а на оние што траат цела година се случува да се осипат до крајот. Причина за нивната нередовност се дополнителни обврски и тоа што наставниците не барале редовност: „*Некогаш не можеме да сме редовни, имаме други обврски*“ објаснил ученик од предметна настава. Учениците од одделенска настава кога се вклучени во воннаставни активности се редовни.

По правило сите активности во одделенска настава ги реализира одделенскиот наставник, а во предметна секциите ги водат предметните наставници, проектните активности ги водат различни наставници, а некои активности како на пр. разрешување конфликти или справување со насилство ги водат училишните психолози.

Во еднојазичните училишта има ретки примери на заеднички активности со ученици од друг наставен јазик или во рамките на Проектот за меѓуетничка соработка или во рамките на Еразмус проект или е-твининг проект. И во училиштата на повеќе наставни јазици речиси да нема заеднички воннаставни активности. Подготовките за приредбата за денот на училиштето обично се реализираат согласно точката за настап, а тие обично се подготвуваат на ниво на одделение што значи нема мешање на ученици од различни наставни јазици и ученици од други одделенија. Исклучок се активностите преку програмата „Нансен“ и во рамките на проектите „Јакнење на мултиетничката соработка во општините“, а според изјавата на еден ученик „*истите беа само кога имаше некоја закажана средба и посета од некој надвор од училиштето*“. Сите ученици сметаат дека би било добро да имаат заеднички активности со ученици што учат на друг наставен јазик за подобро да се запознаат и да се дружат.

## 4.2. НАСТАВНИЦИТЕ НАЈЧЕСТО ОДЛУЧУВААТ КОИ УЧЕНИЦИ ЌЕ БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО АКТИВНОСТИТЕ

Иако основен принцип за учество во воннаставните активности треба да биде доброволност и право на избор, според изјавите на учениците најчесто наставниците се тие што ги бираат учениците за учество во воннаставни активности. Тоа е во извесна смисла разбирливо ако се има предвид дека во практика најголемиот број активности што се реализираат (приредби, спортски, музички или натпревари по одделни предмети) имаат за цел да ги претстават успесите на учениците и училиштето. На пр. во едно училиште учениците објаснија дека наставничката кажала дека ученичката била добра за играње и дека едноставно наставничката знаела и така одлучила (и за други секции), а во друго наставничката ги одбрала тие што ќе учествуваат во проектот и им рекла дека таму ќе им кажат што треба да прават. При изборот на ученици за воннаставни активности наставниците често се водат од успехот на учениците „*Нас исто така учителката не*

*одбра, според оценките што ги имавме*“ (ученик од одделенска настава). Понекогаш при изборот наставничите не водат грижа за родовата рамноправност: „*Не сум вклучен. Во приредбата има само женски. Машките не бевме вклучени ни во приредбата за македонски јазик*“ (ученик од одделенска настава),

Во училиштата каде секциите не работат редовно (а такви се најголемиот број училишта во кои се водеа дискусиите) учениците најчесто не се информирани за нивното постоење. Учениците од предметна настава понекогаш добиваат информации од наставниците на редовните часови и може да се пријават за учество, а понекогаш информации добиваат од постарите ученици: „*Јас знаев од брат ми, но не од училиштето*“. Често заинтересираните ученици сами се пријавуваат за натпревари, па потоа предметните наставници им организираат подготовки. Понекогаш заинтересираните ученици имаат можност да се пријават и за хор или оркестар, а наставникот прави избор зависно од „талентот“. Во одделенска настава секции речиси не работат и учениците не знаат дека некакви секции постојат на ниво на училиште.

Различна е состојбата во едно од училиштата во кое има голем број разновидни воннаставни активности и поголем број вклучени ученици. Во него учениците се однапред (на почетокот на годината) информирани за секциите и тие самите избираат во која секција ќе се вклучат зависно од личните интереси. „*Наставникот не известува за почетокот на работата на секцијата и ние се јавуваме*“, “*За еколошката секција, наставникот ни рече - заинтересираните да се јават*“ (ученици од предметна настава). Во ова училиште и учениците од 5-то одделение биле информирани кои секции постојат.

Сите ученици што не биле информирани за работата на секциите сметаат дека требало да бидат навреме информирани „*заради тоа што сум ученик во оваа училиште*“, „*затоа што треба да не известуваат за сé во училиштето*“ (ученици од предметна настава) или „*оти може да се случи на половина година да научиме дека има некоја секција, а би сакале да одиме како на пример оркестар*” (ученик од предметна настава).

## 4.3. ВО ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ НАЈЧЕСТО СЕ РАБОТИ ПОИНАКУ ОТКОЛКУ ВО РЕДОВНАТА НАСТАВА

Поголемиот број од учениците што имаат искуство во работа на секциите или други воннаставни активност изјавуваат дека во нив работат „*послободно, порелаксирано отколку на часовите*“, „*се дружевме повеќе, што се помагавме меѓу себе*“ (ученик од предметна настава). Таквиот начин на работа им се допаѓа „*бидејќи немаме домашна задача, нема оценки, работиме тоа што не интересира*“ (ученик од предметна настава), „*се забавуваме посебно кога имаме еколошки и хуманитарни активности*“ (ученик од одделенска настава), „*ем учиме ем си играме така некако учиме преку игра*“ (ученик од одделенска настава). Подготовките за натпревари и во одделенска и во предметна настава се слични на работата во редовната настава само што се решаваат посложени задачи.

Имаше ученици кои кажаа дека не знаат како се работи во секциите и дали им се допаѓа бидејќи не учествуваат во ниту една секција. На некои ученици не им се допаѓа тоа што овие активности се одвиваа по „напорните часови“.

## 4.4. УЧЕНИЦИТЕ САКААТ ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И ГИ СМЕТААТ ЗА КОРИСНИ

Сите ученици што се/биле вклучени во која и да е воннаставна активност сметаат дека тие им се корисни. Зависно од тоа во кои активности биле вклучени тие корисга ја гледаат во:

- ✓ стекнување на нови знаења и вештини: *„научивме како да пееме“,„да рецитираме поубаво“,„мојот стил да го подобрам и да ги спроведам моите идеи“* (во ликовна уметност), *„научивме нови зборови“* (во странски јазик), *„ги научивме сообраќајните знаци“, „добив искуства во глумење“, „научивме нови работи“* и сл.
- ✓ позитивни социјални искуства: *„разменуваме идеи и се дружиме меѓу себе“, „учевме да комуницираме“, „се запознавме со нови пријатели“, „соработуваме со учениците од албанска настава“, „меѓусебно се почитуваме* (со ученици од друг наставен јазик), *„како што се почитуваме и меѓу себе“* и сл.
- ✓ стекнување на лични и социјални компетенции: *„да бидеме упорни и истрајни“, „научивме како да прифатиме пораз“, „да бидеме солидарни, хумани“, „да работиме тимски и без дискриминација“* и сл.

И учениците од одделенска настава што не учествувале во секции во училиштето, со интерес и ентузијазам зборуваат за други активности во кои учествуваат надвор од училиштето (а би можеле да се реализираат и во училиште), како што е играорна, драмска, спортски клуб.

## 4.5. УЧЕНИЦИТЕ НАЈЧЕСТО НЕМААТ ПРЕТСТАВА ШТО БИ МОЖЕЛЕ/САКАЛЕ ДА ПРАВАТ ВО УЧИЛИШТЕ НАДВОР ОД ЧАСОВИТЕ

Кога во дискусиите во фокус групите учениците беа прашани што би сакале да прават во училиште надвор од часовите најголемиот број од нив немаа идеи. Подоцна кога во разговорот беа потсетувани на некои можни воннаставни активности и се разговараше дали тие би биле заинтересирани за таквите активности учениците од предметна настава изнесуваа и некои позитивни искуства од различни видови активности, а учениците и од одделенска и од предметна настава покажаа интерес за разни видови воннаставни активности ако им бидат понудени:

- ✓ активности на кои ќе учат нешто повеќе или поинтересно во одредени наставни предмети (речиси во сите предметни области) за да стекнат *„повеќе знаења за тоа што не интересира нас, да учиме за друга религија, да комуницираме со други врсници , да зборуваме друг јазик, да се натпреваруваме со добри ученици“* (ученик од предметна настава).
- ✓ активности преку кои ќе ја развиваат креативноста при што некои повеќе сакаат ликовна, некои поетска секција, а пак други драмска секција, а некои не сакаат ниту една затоа што мислат дека не ги бива за уметност.

- ✓ учество во приредби затоа што го *„сакаат пеењето"*, *„сакаат да го подобрат сценскиот настап". „Сакам да учествувам на нешто по музичко. Во оркестар или хор. И за рецитирање"*(ученик од одделенска настава). Има и такви кои сакаат да ја намалат тремата пр.*„За надминување на трема и истакнување на таленти"* (ученик од предметна настава)

- ✓ активности преку кои ќе развиваат позитивни особини и учат како да се однесуваат за *„подобро да се дружиме и разбираме"*, *„за да бидеме културни "*, *„тоа ти е бон тон"*, *„да си позитивен и да си срекен"*. Други ученици сметаат дека за ова веќе доволно работат во предметот граѓанско образование и преку проектните активности.

- ✓ активности за развивање здрав животен стил за кои повеќето ученици имаат интерес затоа што сакаат да се грижат за животната средина, здравиот живот и здравата исхрана, *„за да се зачува нашата околина, „да спроведуваме еко патроли"*, *„за да бидеме здрави"*.

- ✓ за дружење со ученици од друг наставен јазик се заинтересирани повеќето ученици затоа што *„со работа на заеднички активности ќе ни се даде прилика да учиме и дружиме со учениците од друг наставен јазик, но за тоа треба да не пушти наставничката или да ни организира наставничката со другата наставничка која предава на друг јазик било тоа да се на македонски или турски јазик"* (ученик од предметна настава). *„Би учествувале и со деца што зборуваат и друг јазик и со деца со посебни потреби. Бидејќи сите треба да сме другарчиња и да се почитуваме"* (ученик од одделенска настава).

За активностите за стекнување практични вештини мислењата се поделени: дел од учениците сметаат дека им се потребни и добро е да ги има во училиштето додека други не се заинтересирани, некои сметаат дека се мали за такви активности, а други кажуваат дека такви активности прават дома.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во повеќето училишта се нуди ограничен број на вонаставни активности како според видот така и според содржините. Најзастапени се активностите преку кои училиштето се афирмира во локалната средина – спортски и културно-уметнички и тие се реализираат најчесто периодично.

2. Учениците не се навреме информирани за вонаставните активностите во училиштето, па оттука голем број на ученици не се вклучени во вон-наставни активности, особено во секции. Најчесто учениците немаат можност сами да се определат за вон-наставните активности во кои ќе учествуваат, туку изборот го прават наставниците.

3. Учениците што се вклучени во вонаставни активности имаат позитивни искуства, им се допаѓа начинот на работа, свесни се за придобивките и сакаат да учествуваат во различни од вонаставните активности.

4. Повеќето учениците немаат доволно информации и искуство со вонаставни активности и не знаат што да очекуваат и бараат од вонаставните активности.

# 5. ИСКУСТВА И МИСЛЕЊА НА РОДИТЕЛИТЕ

Родителите се анкетирани со **цел** да се увиди како според нивни видувања се одвиваат вонаставните активности во училиштето и како тие, како родители, би сакале да се одвиваат во интерес на нивните деца.

Одговорите на родителите се прикажани за секоја вонаставна активност во вид на графици и/или како резимирани интерпретации на квантитативните податоци.

## 5.1. СЕКЦИИ

Според одговорите на родителите нивните деца во учебната 2018/19 година најчесто учествувале во секција за проширување на знаењата од одделни наставни предмети/области, а значително помалку деца учествувале во работата на други видови секции. Значително е да се забележи дека секој трет родител одговорил дека неговото дете не учествувало во работата на ниту една секција.

Нешто повеќе од половина од родителите се на мислење дека нивните деца најголема корист имаат од секциите за проширување на наставните предмети/области, додека секој петти родител смета дека би имале најголема корист од секциите за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците. Незначителен е бројот на родители кои сметаат дека нивните деца немаат или не би имале корист од секции.

Според речиси половина од родителите најголема пречка за работа на поголем број секции во училиштето на нивното дете се ограничените просторни услови во училиштето, а како втора пречка го сметаат ограниченото време поради сменската работа (четвртина од родителите), па потоа е недостатокот од материјално/финансиски средства за реализација. Сосема мал број родители сметаат дека незаинтересираноста на учениците или недостатокот од родителска поддршка се пречка за ангажирање на учениците во работата на секциите. Речиси сите родители сметаат дека е важно на повеќето ученици да им се овозможи да учествуваа во некоја секција по нивен избор.

Во однос на мислењето колку е важно родителите да учествуваат во одлучувањето какви секции ќе се организираат и реализираат во училиштето речиси половина од родителите сметаат дека е важно, а речиси една третина дека е се едно. Интересно е дека речиси секој петти родител смета дека тоа не е важно.

## 5. 2. АКЦИИ ВО УЧИЛИШТЕТО И/ИЛИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Во учебната 2018/19 година нешто повеќе од половина од учениците учествувале во хуманитарни акции во рамки на училиштето, а значително помал број во еколошки акции во училиштето. Мал број ученици учествивале во акции во заедницата, а секој десетти родител одговорил дека неговото дете не учествувало во никакви акции.

Според родителите најголеми пречки за реализација на акции во училиштето или заедницата се ограниченото време поради сменската работа во училиштето (36% родители) и недостатокот од материјални/финансиски средства за реализација (37% родители). Незаинтересираноста на учениците и поддршката од родителите речиси и не претставуваат пречки, според мислењата на родителите. Еден дел од родителите (14%) не гледаат вистински пречки за реализација.

Поголемиот број од родителите се на мислење дека учениците имаат голема полза и од акции во училиштето и од акции во заедницата, при што дел од родителите предност им даваат на акциите во училиштето. Сосема мал број родители мислат дека децата немаат или не би имале корист од ниту еден вид на акција. Едновремено речиси сите родители мислат дека е многу важно на повеќето ученици да им се овозможи да учествуваат во акции во училиштето и заедницата.

Мислењето на родителите за важноста на нивното учество во процесот на одлучување за видот на акции кои ќе се организираат од училиштето како и за тоа кои ученици би учествувале во нив е речиси идентично како и за важноста на учеството во одлучувањето за секциите: околу половина сметаат дека е важно, околу третина дека е сеедно дачи тие учествуваат или не учествуваат во одлучувањето, а останатите дека не е важно да учествуваат.

## 5.3. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ И СО „МЕШАНИ“ ГРУПИ УЧЕНИЦИ ОД РАЗЛИЧНИ НАСТАВНИ ЈАЗИЦИ

Речиси две третини од родителите одговориле дека нивното дете во текот на учебната 2018/19 година не учествувало во воннаставни активности со ученици кои учат на друг наставен јазик. Од тие што учествувале двојно повеќе учествувале во активности со деца што учат на друг наставен јазик во нивното училиште, отколку со деца од друго училиште.

Речиси третина од родителите не гледаат вистински пречки и не се против заедничките воннаставни активности со ученици од различни наставни јазици, додека една четвртина како најголеми пречки ги сметаат ограничените просторни услови во училиштет, а нешто помалку просторните и материјалните услови. Мал број родители сметаат дека пречка е незаинтерсираноста на учениците или недостатокот од родителска поддршка.

Родителите се на мислење дека учениците од различните наставни јазици најголема корист би имале од заедничките секции и заедничките акции во училиштето и заедницата. Занемарлив е бројот на родителите кои мислат дека децата немаат или не би имале корист од воннаставните активности со ученици што учат на други наставни јазици.

Пологемиот број (70%) родители се на мислење дека е важно да се организираат активности со “мешани“ групи во кои ќе учествуваат повеќето ученици од различни наставни јазици. Бројот на родители што сметаат дека тоа не е важно е помал од 10%.

Повеќе од половина од родителите сметаат дека е многу важно тие да бидат вклучени во процесот на одлучување за воннаставните активности со “мешани“ групи ученици кои ќе ги организира училиштето, а многу помал број родители сметаат дека тоа е помалку важно или дека воопшто не е важно. Распределбата на одговорите е многу слична на онаа за важноста на учеството во одлучувањето за секциите и акциите.

## 5.4. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Половина од учениците во текот на учебната 2018/19 година учествувале во еднодневни екскурзии, третина во повеќедневни екскурзии, а занемарлив број во гостувања кај училишта во или вон земјата. Секој седми ученик не учествувал во ниту една од наведените вонучилишни активности.

Според родителите, најголема пречка за организирање на повеќе вонучилишни активности е недостатокот од материјални/финансиски средства за реализација, а секој четврт родител не гледа вистински пречки да има повеќе такви активности.

Повеќе од половина од родителите мислат дека учениците би имале најголема корист доколку во училиштето се реализираат повеќе видови вонучилишни активности, а нешто повеќе од четвртина од нив мислат дека најголема корист би имале доколку гостуваат во други училишта во или вон земјата. Занемарлив е бројот на родители што сметаат дека учениците немаат или не би имале корист од вонучилишните активности.

Најголемиот број (84%) родители се на мислење дека организирањето на вонучилишни активности во кои би учествувале повеќето ученици од училиштето е многу важно, наспроти незначителен процент родители кои имаат спротивно мислење. Како и за другите воннаставни активности поголемиот број (64%) родители сметаат дека е важно тие да учествуваат во одлучувањето за вонучилишни активности во училиштето. Секој десетти родител сметал дека не е важно тие да учествуваат во одлучувањето.

## 5.5. ТУТОРСКИ/МЕНТОРСКИ АКТИВНОСТИ

Најголемиот број родители би сакале нивните деца да се вклучат во туторски и/или менторски активности. Значително е поголем бројот на родителите кои сакаат нивните деца да бидат тутори или ментори од оние што сметаат дека на нивното дете им треба помош од тутор или ментор. Мал број родители не би сакале нивните деца да учествуваат во вакви активности во ниту една улога.

Околу половина од родителите сметаат дека од туторските/ менторските активности најголема полза би имале и учениците што даваат поддршка и тие што ја добиваат. Речиси четвртина од родителите сметаат дека најголема полза би имале и наставниците и учениците. Во однос на користа за учениците поголем е бројот родители што сметаат дека поголема корист би имале учениците што добиваат туторска/менторска поддршка, од оние што сметаат дека тоа би биле учениците што даваат менторска/туторска помош. Занемарлив е бројот на родители што сметаат дека најголема полза би имале наставниците.

Над 80% од родителите сметаат дека е важно или многу важно во училиштето да се организираат туторски/менторски активности, а речиси да нема родители што сметаат дека тоа воопшто не е важно. Повеќе од половина (63%) од родителите сметаат дека е важно или многу важно и тие да учествиваат за туторските/менторските активности, а 5% дека нивното учество воопшто не е важно.

## 5.6. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Речиси две третини од родителите сметаат дека одделенската заедница и нејзиниот претседател треба да учествуваат во решавање на сите проблеми што се јавуваат во паралелката, помал број родители сметаат дека треба да учествуваат во решавањето на само некои проблеми, а многу се ретки родителите што сметаат дека одделенската заедница не треба да се меша во решавањето на проблемите во одделението.

Според повеќе од половина родители училишната/ученичката заедница треба да учествува во донесување на одлуки од сите сфери на делување во училиштето што се од интерес на учениците, како втор приоритет е учеството во донесување одлуки само од оние сфери на делување во училиштето што се од интерес на учениците, додека како трет приоритет е заштитата на децата чии права се загрозени во училиштето.

По одос на прашањето за придобивките од демократското фунционирање на одделенската и училишната заедница, две третини од родителите мислат дека тоа е развивањето на демократска култура кај учениците, додека како втора придобивка, го препознаваат ефикасното решавање на проблемите меѓу учениците. Кога се работи за оценка на важноста од ученичкото организирање за застапување на интересите на учениците во училиштето, најголемиот број (88%) родители се на мислење дека тоа е многу важно. За разлика од нив, многу помал број родители мислат дека тоа не е важно.

Поголемиот дел родители сметаат дека е од голема важност тие да учествуваат во застапување на интересите на учениците во одделението и во училиштето, наспроти нив секој десетти е на мислење дека тоа е малку важно или неважно.

## 5.7. КАМПОВИ/ШКОЛИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Поголемиот број родители мислат дека камповите/школите се најкорисни за учениците, додека околу чатвртина од родителите сметаат дека најкорисни се за училиштето. Занемарлив е бројот на родители што сметаат дека тие се најважни за наставниците и родителите.

Повеќе од половина од родителите се согласни нивните деца да учествуваат во камп/школа само доколку се организирани од училиштето, а секој петти само ако родителите не треба да ги финансираат. Мал број родители сакаат нивните деца да учествуваат во кампови/летни школи без оглед на условите. Занемарлив е бројот на родители што не би сакале нивните деца да учествуваат во вакви вонучилишни активности. Две третини од родителите се согласни дека овој вид активности се важни или многу важни, а само секој десетти родител смета дека не се важни.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Според одговорите на родителите нивните деца во учебната 2018/19 година најчесто биле вклучени во различни акции во училиштето или заедницата и во еднодневни излети. Две третини од родителите одговориле дека нивното дете учествувало во работата на секции, првенствено оние за проширување на знаењата од одделни наставни предмети/области. Најмалку ученици биле вклучени во воннаставни активности со ученици што учат на друг наставен јазик и тоа најчесто со деца од нивното училиште.

2. Речиси сите родители сметаат дека сите видови воннаставни активности е важно да се организираат во училиштето и учениците да бидат вклучени во нив. Нешто помал број родители ги сметаат за важни воннаставните активности во мешани групи.

3. Според мислењата на родителите на учениците им се најкорисни секциите за проширување на знаењата, хуманитарните и еколошките акции, разните видови вонучилишни активности.

4. Родителите сметаат дека е многу важно при определување на учениците за учество во работата на секциите, да се има во предвид интересот и самоволното одлучување на ученикот за вклучување во секциите.

5. Во однос на менторските/туторските активности што сеуште се многу ретки во нашите училишта повеќето родители имаат позитивен став и би сакале нивните деца да бидат вклучени во такви активности. Тие сметаат дека менторските/туторските активности се важни за учениците, но и за наставниците.

6. Повеќето родители сметаат дека ученичките организации треба да бидат вклучени во решавање за сите прашања во училиштето, а ползата од тоа ќе биде првенствено развој на демократската култура кај учениците.

7. Нешто над половина од родителите сметаат дека и важно и тие да бидат вклучени во одлучувањето за организирање на секции, акции во училиштето, активности во јазички мешани групи и вонучилишни активности. Поголемиот дел на родителите, исто така, сметаат дека е од голема важност нивното учествување во застапување на интересите на учениците во одделението и во училиштето.

8. Како најголеми пречки за реализирање на воннаставни активности родителите ги сметаат недостаток на просторни услови и недостиг на време во кое би се реализирале такви активности поради сменското работење на училиштата, а за реализирање на летните школи и кампови и материјалните услови. Значителен број родители сметаат дека нема пречки за организирање на заеднички активности во јазички мешани групи ученици.